магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 64 страници
Година 3 Број 6
Август 2024 г.
Цена 150 ден.



## ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

**Н.Е. Мартин ПАМЕР, амбасадор на Австрија во Македонија**

## *МАКЕДОНИЈА Е СОВРШЕН ТЕРЕН ЗА ТУРИЗАМ*

**МЕГАТЕМА**
**Универзитетот Скопје создава висококвалитетни кадри**

**ТЕМА**
**Каков кадар му е потребен на бизнис секторот?**

**ИДНИНА**
**Наша алумни: Александра Митрова, менаџер во „Скопје Хотел Мериот“**

ISSN 2671-3934
5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





**ИМПРЕСУМ**

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА



Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА — 3


МЕГАТЕМА: Универзитетот Скопје создава висококвалитетни кадри — 4


АНАЛИЗА: Илинден има посебно значење за историјата на македонскиот народ — 8


КОЛУМНА: Зошто да го одберат идните студенти Универзитетот Скопје? — 14


ТЕМА: Каков кадар му е потребен на бизнис-секторот? — 18


МОЈА ОПШТИНА: Берово - рај за летните горештини — 22


РЕПОРТАЖА: Верскиот туризам во Македонија — 28


ДУРБИН: Промоција на книгата за Заре Лазаревски од Јасмина МИРОНСКИ — 38


ИДНИНА: Наша алумни Александра МИТРОВА, менаџер во „Скопје Хотел Мериот“ — 44


ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: Интервју со Н.Е. Мартин ПАМЕР, амбасадор на Австрија во Македонија — 50


КОМПАРАЦИЈА: Регионот има, но зошто остана Македонија без национален авиопревозник? — 56




ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ

*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ДА ЈА ВРАТИМЕ ЧОВЕЧНОСТА!

*Светот се промени, променети се и луѓето, и перцепцијата на реалноста, и навиките. Со секое вклучување на некој портал на интернет, првенствено читате вести од црна хроника, текстови кои изобилуваат со негативен набој, колумни во кои максимално се гледа да се оцрни некој, без оглед дали се познава добро таа личност или дали воопшто има вистина во пишаното.*

*Само да се плукало, без факти, без аргументи, без никакво човечко достоинство. Каде исчезна добрината меѓу луѓето, од каде толку злоба и завист? Што е тоа во луѓето тажно да живеат во животи туѓи, да навредуваат, да омаловажуваат?*

*Луѓето се навикнаа да ги проценуваат ситуациите од око, односно да го перцепираат само она што го гледаат. И ова ново динамично време ги оддалечи едни од други. Немаат време, нерви, ниту желба да сослушаат, а уште помалку да помогнат. Искрената и добрата волја е наједноставното нешто, но и најкомплицираната работа.*

*Навиките мора да се променат. Да ја вратиме човечноста, емпатијата едни кон други, бидејќи животот е непредвидлив. Да се разбираме меѓусебно и заеднички да создаваме подобра иднина!*

УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ:

# „ИМАМЕ ВИСОКИ СТАНДАРДИ ЗА СТУДИРАЊЕ ВО НАЈСОВРЕМЕНИ УСЛОВИ, СОЗДАВАМЕ КАДРИ СО МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАТА ДИПЛОМА

Да се студира  на еден од најпрестижните универзитети во земјава е привилегија. Затоа од година во година се зголемува бројот на студенти кои одлучуваат своето образование да го продолжат на Универзитетот Скопје. Причините зошто да се донесе одлука да се студира токму на овој универзитет се многубројни. Меѓународно призната диплома, предавања согласно највисоки европски стандарди, примена на дигитална технологија во процесот на учење, соработка со бизнис-секторот за стекнување стручна подготовка, професионален академски кадар, современи услови за студирање, ова се само дел од придобивките за студентите што студираат на Универзитетот Скопје.



**Доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска, професор на Универизитетот Скопје.**

Студентите кои студираат или кои веќе го завршиле своето образование на овој универзитет се децидни дека постојат многубројни причини поради кои го избрале токму Универзитетот Скопје. Тие како позитивен пример ја наведуваат методологијата на студирање базирана на кредит-трансфер системот, која овозможува меѓународно етаблирање и учество во програмата „Еразмус плус“.

Според студентите, Универзитетот Скопје ги следи и ги применува највисоките стандарди за студирање и обезбедува најсовремени услови, софистицирана дигитална поддршка, како и достапност до информации и услуги кои им се потребни на студентите.

Според нив, методологијата на студирање што се применува на Универзитетот и квалитетниот наставен кадар се клучните елементи што му даваат предност пред другите универзитети, како и секојдневната комуникација со професорите и со асистентите.

Студентите се задоволни и од наставниот кадар, кој за време на предавањата, покрај презентирање информации за научната теорија од соодветната област, нудат и апликативни примери. Покрај редовните професори, има и предавања од експерти од најразлични стручни области.

Со цел идните студенти детално и на самото место да се запознаат со бенефитите што ги нуди Универзитетот, тим од професори и асистенти во текот на целата година реализираат промотивни активности на Универзитетот, но и во средните училишта низ земјава за да ги информираат сите средношколци кои се предностите за студирање на овој универзитет.

А од Универзитетот велат дека интересот на средношколците за упис на некои од факултетите е огромен затоа што идните



М-р Љупчо Миленковски, асистент на Универзитетот Скопје.

генерации имаат визија за својата иднина и точно знаат како да го препознаат квалитетното студирање.

*„Во принцип, идните генерации на оваа држава точно знаат што сакаат, имаат визија за својата иднина и знаат добро да се насочат без многу сугестии отстрана. Секој од нив е заинтересиран за квалитетно високо образование, за меѓународно признаната диплома, но и за практична работа, а не само теорија. На Универзитетот Скопје, ние го нудиме токму тоа: висококвалитетна настава, меѓународно признаната диплома, платена практична работа, одлични услови за студирање и доста научно-наставни практикуми надвор од нашата земја“*, вели доц. д-р Ангела Миленковска Климоска.

Во речиси сите средни училишта досега се реализирани кампањи како дел од Караванот за промоција на условите за студирање, со цел средношколците одблизу да се запознаат со условите кои ги нуди Универзитетот, но и да добијат одговори на сите дилеми кои ги имаат околу студирањето.

*„Ги посетивме речиси сите средни училишта во државата. Од север до југ и од запад до исток на нашата татковина. Одлично искуство и прекрасни идни генерации кои носат нова надеж за оваа земја“*, објаснува доц. д-р Миленковска-Климоска.

Ги прашавме: зошто да се избере токму Универзитетот Скопје? – Ни одговорија: затоа што се вбројува во друштво на најпознатите европски универзитети.

*„Универзитетот Скопје е високообразовна институција каде што можете да студирате по светски стандарди. Наградуван е со сертификати за лидерство во високото образование и поседува диплома за квалитет каква што е дипломата „TedQual“, која ја доделува Светската туристичка организација. Универзитет Скопје е членка на Светската туристичка организација*

*(UNWTO), што нè вбројува во друштво на најпознатите светски универзитети. Универзитет Скопје е универзитет кој нуди многу, постојано се надоградува и осовременува, а со тоа нашите студенти имаат можност да бидат во чекор со светските трендови“*, велат од тимот за маркетинг на Универзитет Скопје.

Преку ваквите промоции, студентите на самото место можат да добијат детални информации за факултетите, велат од Универзитетот, а тоа директно влијае врз зголемувањето на бројот на запишани студенти од година во година.

*„Секој сака да види кај кого ќе учи, со што располагаме ние како универзитет, сака директно да се информира за условите и за начинот на студирање. Често ни се случува да имаме директен контакт и со родителите на учениците бидејќи – на крајот на денот – тие им се најголемата поддршка за секој нивни иден план“*, вели м-р Љупчо Миленковски од Универзитетот Скопје.

За секој од шесте факултети на Универзитетот има подеднаков интерес за студирање, а една од новините е воведувањето на Факултетот за општествени науки.

*„Нашите студиски програми на сите шест факултети се еднакво атрактивни. Програмите се така конципирани што секој може да си го најде своето место, но и да ужива во текот на студирањето. Тоа уживање би значело со задоволство да се учи и да се усовршува своето знаење, без многу тешкотии, бидејќи вистинското имплементирање на ЕКТС-системот, како што е кај нас, го нуди токму тоа. Учениците се најчесто заинтересирани за Факултетот за информатика и Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, но подеднакво и за Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент, Факултетот за туризам и за Економскиот факултет. Една од новините која ја воведуваме е Факултетот за општествени науки со насока меѓународни односи и дипломатија, кој ќе започне со работа од следната академска година“*, информира доц. д-р Миленковска-Климоска.

Големо влијание за зголемен интерес за упис на Универзитетот имаат токму меѓународно признатите дипломи, со кои идните академски граѓани можат да работат во компании надвор од Македонија.

*„Секој сака да вложи во себе, но и да го валоризира својот труд со диплома која е меѓународно призната, како и да биде конкурентен на секој пазар на кој ќе се појави. За тоа колку е атрактивна нашата диплома, зборуваат многуте примери на наши алумни кои работат за светски познати компании“*, вели м-р Миленковски од Универзитетот Скопје.

Посебно внимание Универзитетот посветува на поврзувањето на студентите со бизнис-секторот со цел креирање квалитетен кадар кој ќе придонесе Македонија да стане подобро место за живеење.

*„Како Универзитет, особено му посветуваме внимание на овој сегмент бидејќи сметаме дека само поврзувањето на нашите студенти со бизнис-секторот дома и во странство може да придонесе тие да бидат атрактивни на меѓународниот пазар, но и да собираат информации и искуства за да ги применат во нашата татковина. Нашата цел како Универзитет е токму таа – квалитетен кадар кој ќе придонесе Македонија да стане подобро место за живеење. Организираме два пати месечно гостински предавања на предавачи кои се истакнати во своите професии од бизнис-секторот, на амбасадори и конзули акредитирани во Македонија, но и на нашите дипломатски претставници што се акредитирани надвор од Македонија“*, велат од Универзитетот Скопје.



# ИЛИНДЕН Е КОДОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД – ЗНАЕМЕ ЛИ ДА ГО ПОЧИТУВАМЕ И ДА ГО ВРЕДНУВАМЕ?

*Македонија во својата историја има три Илиндени, првиот во 1903 година, вториот во 1944-та и третиот во 1991 година. Но, најзначаен за македонската историја е на 2 август 1903-та бидејќи да не беше тој, немаше да ги имаме и другите два. Илинденското востание и Крушевската Република, иако траела само 10 дена, го покажуваат стремежот на Македонците да имаат сопствена држава, во која како што вели Манифестот, ќе живеат заедно Македонци, Власи, Албанци и сите други што живееле на оваа територија.*



Централна манифестација за одбележување на Илинден на Мечкин Камен.

Уште пред 100 и повеќе години, нашите предци имале визија за заедништво, за тоа дека Македонија треба да биде дом на сите народи и вери, повеќе од еден век пред да бидат измислени Рамковниот и сите други договори што нè „учат“ како да го градиме она што денеска модерно се нарекува мултиетничко општество.

Иако ехото од Илинден нѝ одекнува уште од претходниот век, прашање е колку ја научивме пораката од Гоце Делчев, Питу Гули, Даме Груев, Јане Сандански, дека во својот идеал мораш да веруваш и за него мора да се бориш. Во тогашните воени и политички околности, малку било веројатно дека Османлиската Империја нема да ги задуши Илинденското востание и првата република на Балканот, Крушевската. Но, нашите Илинденци сакале да се слушне гласот на Македонците за своја држава, која дојде дури со Заседанието на АСНОМ, а конечно беше заокружена со референдумот за независност од Југославија.

Македонија има многу важни датуми во историјата, но Илинден е најзначајниот. За да се согледа во какви услови беше подготвувано востанието пред Илинден, добро е да се знае дека на почетокот на 20-иот век, македонскиот народ – меѓу ретките во регионот – немаше своја држава што ќе го заштити од влијание од Исток, поточно од Бугарија, која до ден денешен сака да го присвои востанието како свое и да го нарече Преображенско востание, а сето тоа да биде одобрено од некаква историска комисија. Договорот за т.н. добрососедство е типичен пример за едностран договор во кој едната страна, македонската, ги има сите обврски,

а другата – речиси никакви. И сето тоа за некаква повисока цел, почеток на преговори со Европската Унија, без јасни гаранции дека некогаш ќе станеме членки.

Македонецот – како тогаш, така и сега – е жртва на балканските национализми, кои го негираат и го присвојуваат неговиот јазик и историја.

На Македонецот со векови му се наметнуваше дека не е достоен да има своја држава за да стане лесна цел за балканските националисти, кои водеа шовинистичка политика и се стремеа кон припојување на Македонија кон нивните држави. За среќа, тоа не им успеа, и сега Македонецот има своја држава. Сега треба да гледаме напред кон иднината, но да не заборавиме на минатото, бидејќи – како што се вели – народ што не си ја знае и не си ја почитува историјата е осуден на пропаст.

Затоа е особено важно младите да ја знаат важноста на Илинден. Ако се гледа според една неодамнешна анкета, тие воопшто не знаат или многу малку знаат за тоа што се случило на 2 август 1903 година.

Но, не се виновни младите туку нашето образование, кое недоволно прави да им пренесе и да им укаже зошто е Илинден нашето национално ткиво.

Треба сериозно да ги зацврстиме темелите на она што е традиција во одбележувањето и во оддавањето чест кон Илинден. Сегашниот однос е, да речеме летаргичен, што пак води во опасност од млади генерации неподготвени за идентитетска определба. Може да се каже дека на Илинден се сеќаваме неколку дена пред 2 август, а забораваме веќе на трети.

Крушевскиот манифест ни ја носи пораката

**Прослава на Илинден на Мечкин камен, главен носител на програмата беше „Танец“.**



кон која треба да се стремиме, да ја браниме и да ни биде една од првите лекции во образованието. Наместо тоа, поранешната власт ја избриша историјата како одделен предмет и ја спои со другите општествени науки. Најавите се дека за следната учебна година, тоа ќе биде исправено.

Илинден и Крушевската Република се дел од нашата химна. Зборовите во неа се толку силни што не би требало да има граѓанин што не се препознава во нив. Затоа е важно да го чуваме и да негуваме споменот на Илинден – бидејќи тој е кодот на македонскиот народ.

Затоа, како и секоја така и оваа, Илинден на големо се славеше на Мечкин Камен, каде што Премиерот Христијан Мицкоски истакна пред граѓаните дека илинденците и партизаните се бореа со оружје за слобода, а ние со ум, визија и со енергија.

На почетокот на говорот, го цитираше Гоце Делчев, кој рекол: ***„Јас не сакам востание со луѓе што ќе ме напуштат при првиот неуспех! Јас сакам револуција со кадарни граѓани подготвени да ги понесат сите искушенија на една долготрајна борба“***. Овие големи зборови, Мицкоски ги опиша како ехо на овогодишниот илинденски слоган „Борбата трае“ коментирајќи дека таа борба за слобода, правда и за подобра иднина бара истрајност, храброст и единство. Уште еден цитат во говорот на Мицкоски беше оној на британскиот премиер Винстон Черчил, кој своевремено рекол: ***„Крајот на една ера значи почеток на нова“***. Најдоброто нешто што можеме да го направиме е да ја прифатиме промената со надеж и да се стремиме кон подобра иднина, истакна Мицкоски.

**Прво илинденско обраќање на премиерот Христијан Мицкоски на Мечкин Камен.**



# ИЛИНДЕН Е ВЕЧНАТА БОРБА ЗА СЛОБОДА, ИЛИНДЕН Е НАШАТА МАКЕДОНИЈА!

На прославата за Илинден и оваа година беше присутна делегација на Универзитетот Скопје, предводена од ректорот проф. д-р Аце Миленковски. Миленковски најпрво му оддаде почит на Никола Карев, претседателот на славната Крушевска Република, положувајќи свежо цвеќе во Македониумот.

Потоа, ректорот Миленковски, со длабок поклон кон херојското дело на паднатите борци од месноста Слива, Крушево, положи свежо цвеќе ветувајќи дека нашата скапа слобода вечно ќе ја чуваме.

Од месноста Слива, делегацијата на Универзитет Скопје положи цвеќе и на Мечкин Камен.

***„Горди и достоинствени на Мечкин Камен, на најголемиот национален празник Илинден, Денот на Републиката! Овој ден, овој голем ден за Македонците, претставува светилник на храброста и на слободољубивиот дух на нашите предци. Аманетот вечно ќе го чуваме“***, порачаа од Универзитетот Скопје.

Денешните политичари може многу да учат од илинденците и од партизаните. Но најважната работа што мора да ја научат дека така како што сами се ослободивме од тогашните окупатори, без ничија помош, така сами треба да ја градиме Македонија и сега, во држава во која гласот на обичниот човек, без разлика на вера таи националноста, ќе биде најважен.

Делегација на Универзитетот Скопје предводена од ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, на Мечкин Камен.





Делегација на Универзитетот Скопје положи свежо цвеќе во Македониумот.



Делегација на Универзитетот Скопје положи свежо свеќе на споменикот во месноста Слива.

# ЗОШТО ТРЕБА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ ДА ГО ИЗБЕРАТ УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ?





Проф. д-р Наташа Ристовска, професор на Универзитетот Скопје.

Универзитетот Скопје е препознатлив по иновативниот пристап во високото образование од областа на економијата и бизнис-менаџментот. Нудиме студиски програми дизајнирани според светски стандарди, усогласени со новите трендови во бизнисот и со потребите на пазарот на трудот на национално и на меѓународно ниво.

Се стремиме кон академска извонредност. Ги подготвуваме студентите за успешна кариера со вистинска мешавина на теоретско и практично знаење, со цврста работна етика, со чувство за лична и општествена одговорност, критичко размислување, со претприемачки вештини за глобална перспектива.

Посветени сме на создавање идни генерации на бизнис лидери, креативни и иновативни професионалци што ќе направат разлика во деловниот свет со промовирање лидерска перспектива од претприемачка гледна точка. Изберете една од нашите студиски програми за вашиот пат кон личен и професионален развој.

Студирајте според уникатна методологија: Стекнете ги потребните знаења, вештини и компетенции за конкурентска предност на работните позиции во земјата и во странство. Стекнете меѓународно призната диплома. Обезбедете си незаменливо практично искуство: веруваме дека вистинското учење доаѓа преку практичната работа. Нашите студенти работат на реални проекти, соработуваат со успешни компании и реализираат стажирања што ги подготвуваат за водечки улоги во која било индустрија.

Развивајте ја вашата глобална перспектива: Нашиот кадар со долгогодишно работно искуство ве подготвува за да успеете на меѓународната сцена, а сето тоа надополнето со меѓународни студиски патувања, размена со странски универзитети и предавања од меѓународно признати експерти.

Започнете го вмрежувањето: Ако сте дел од нашата академска заедница, значи дека сте дел од мрежа на амбициозни професионалци и успешни алумни. Овие контакти можат да бидат вашиот најголем ресурс, денес и во иднина.

Придружете ни се на Универзитетот Скопје ако сакате да го следите својот сон за кариера во бизнисот, менаџментот, маркетингот и финансиите. Станете дел од нашето академско семејство и остварете ги вашите амбиции.

# ЗОШТО ДА ГО ИЗБЕРАТ ИДНИТЕ СТУДЕНТИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ?



**Проф. д-р Лидија Горачинова-Илиева, декан на Факултетот за информатика на Универзитетот Скопје.**

Постојат неколку добри причини, зошто да се студира на Факултетот за информатика на Универзитет Скопје.

**• АТРАКТИВНА СТУДИСКА ПРОГРАМА**

Во 2023 година добивме акредитација за нова студиска програма, базирана на нашите искуства од претходната и во која вградивме промени што произлегуваат од новините во компјутерските науки и нивната современа примена. Во нејзината концепција, појдовна точка ни беа следниве цели.

Прво, преку оваа студиска програма им овозможуваме на студентите стекнување со фундаментални знаења и вештини неопходни за профилот дипломиран инженер по информатика. Тоа подразбира изучување на низа информатички дисциплини како програмирање, алгоритми, бази на податоци, компјутерски мрежи, софтверско инженерство, безбедност на компјутерски системи, вештачка интелигенција, ... преку повеќе предмети. Нивната комплементарност и сеопфатност е гарант дека студентите ќе се изградат во високостручни дипломци кои брзо и лесно се адаптираат на широката понуда на занимања од полето на компјутерските науки на пазарот на труд.

Понатаму, програмата нуди за студентите и интердисциплинарни предмети (Економија за ИКТ инженери, ИКТ претприемништво, Маркетинг во ИКТ, Е-влада, Електронска и мобилна трговија, Социјални мрежи и медиуми, Дигитализација, итн.), преку кои тие попродлабочени се остручуваат за апликативна дејност и во други сектори. Воедно, студиската програма содржи и предмети за попродлабочена специјализација во одредени информатички дисциплини.

Нашата студиска програма по информатика е висококомпатибилна со студиските програми од областа на компјутерските науки на државните универзитети, со што обезбедуваме ефикасен трансфер, без студентите да ги изгубат веќе стекнатите кредити на претходните студии.  Сето

ова ги прави студиите по информатика уште поатрактивни.

### МЕТОДОЛОГИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ

Нашиот универзитет е познат по специфичната методологија на студирање и строга уреденост кога е во прашање начинот на реализација на предметните обврски. Таквата преддефинирана низа на активности по секој предмет, со јасни и прецизни критериуми, овозможува, од една страна ефикасен систем на студирање, а од друга страна обезбедува студентите да се стекнат со вредносно изразување на нивните компетенции на транспарентен и крајно објективен начин. Кратко кажано, знаењата на нашите студенти се мерливи, а начинот на репрезентација на нивното ниво е усогласен и со европскиот и со американскиот стандард за изразување на знаењата. Ова ги прави нашите дипломи препознатливи во сите земји, што е предуслов за нивна брза еквиваленција и признавање.

### ФЛЕКСИБИЛНОСТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ

На Универзитетот Скопје може да се пофалиме со голем диверзитет на студенти од најразлични категории: редовни студенти кои се запишуваат веднаш после завршеното средно образование, т.н. трансфер-студенти кои претходно студирале на други универзитети и во еден момент решиле да го продолжат своето образование кај нас, вонредни студенти кои се вработени, повозрасни студенти кои првпат или со претходна пауза подоцна студираат и странски студенти.

Како факултет чии групи за работа со студенти се мали, нашиот академски кадар го насочува целокупниот свој стручен и педагошки потенцијал кон индивидуализираниот пристап во наставата, за секој студент поединечно. Долгогодишното искуство на нашите наставници им овозможува тие да ги детектираат специфичните потреби на студентите и со нивна помош тие успешно да напредуваат, независно дали станува збор за пониско ниво на предзнаења, или спротивно, напредни барања, или пак прилагодување на системот на учење кон различни лични околности на студентите, како што е на пример предизвикот едновремено да се работи и студира.

За вонредните студенти кои се во работен ангажман организираме концентрирани предавања и подготвителни вежби за полагање во флексибилни временски термини. Нашите наставници се секогаш достапни за да им излезат во пресрет на потребите. Токму затоа, нашиот систем на работа со студентите, за разлика од повеќето на други информатички факултети, овозможува со успех да ги усогласиме барањата на сè поголемиот број на студенти кои се одлучуваат паралелно да работат и да студираат.

### УСОГЛАСЕНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ НА ИТ-КОМПАНИИТЕ

Во новата студиска програма, покрај освежување на содржините што се диктирани од напредокот на компјутерските науки и современите педагошки трендови, ги вградивме и актуелните барања на ИТ-секторот кај нас, кој е многу динамичен и зависи повеќе од глобалните трендови одошто од нашите локални специфики во Македонија.

Иако потребите од информатички кадар варираат во однос на квантитет и потесна специјалност, општиот тренд на експанзија и доминација на овој сектор во однос на повеќето други ќе продолжи и покрај привремените периодични стагнации.

Нашите студенти за време на студиите имаат можност да ја искусат практичната работа во реалниот сектор преку платена или волонтерска работа во различни ИТ-компании и во компјутерските центри на одредени јавни институции. На тој начин тие ги надградуваат и збогатуваат знаењата и вештините здобиени на факултетот и се стекнуваат со непроценливо искуство што претставува нивна додадена вредност на пазарот на труд. Информациите говорат дека во овој процес, работодавците се задоволни, а дел од студентите се вработуваат во тие компании. Колку што јас имам сознанија, ниту еден наш дипломиран студент нема проблем со вработување.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy



# ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА, ОБРАЗОВАНИЕТО Е КЛУЧНО – ТРЕБА ДА СОЗДАДЕ КАДРИ СО ЗНАЕЊА

**Ако сакаме поголем економски раст, потребни ни се иновации кои генерираат поголема додадена вредност, а и претприемнички дух за да можат иновациите да се комерцијализираат. А тие треба да бидат од областа на технологијата, потребни се технолошки иновации, а за да се случат, потребно е големо знаење од областа на природните науки, математика, физика, хемија, информатика. Од друга страна, пак, потребни се извонредни кадри и во медицината и во општествените науки. За да е животот на сите граѓани во општеството поквалитетен и посодржаен, потребни се и доктори, економисти, правници, уметници, професионалци во сите области. Со една реченица кажано, на Македонија ѝ се потребни извонредни кадри во секоја област.**

За силна економија, потребни се млади со иновативни идеи кои ќе развиваат сопствени бизниси. Но, додека домашните компании се трудат да ги приспособат работниците за пазарот на труд, европските земји ги намамуваат, и тие за подобри услови заминуваат надвор. Сè поголемата миграција ја намалува и онака малку стручната работна сила. Како да го добие стопанството потребниот кадар и како да се заштити македонската економија? Експертите сметаат дека за да се постигнат саканите резултати, потребна е многу работа во домашниот двор. Според нив, предуслов за силна економија е население кое верува во институциите, системот и во државата во која живее. Да нема корупција, да има квалитетна јавна администрација која ги задоволува потребите на граѓаните и на стопанството. Само тогаш населението размислува за иновации, инвестиции, претприемништво, унапредување и создавање нова вредност.

***„За да ја засилиме нашата економија, потребен ни е поголем економски раст. За да се приближиме кон развиените земји, потребно е да го удвоиме нашиот бруто-домашен производ за 10 години, а за да го постигнеме тоа, потребен ни е раст од најмалку 7% годишно. Потоа, потребно е одреден временски период да го задржиме***




Симов: „Ако образованието кај нас не создава такви кадри, тоа ќе биде оставено на компаниите. Тие ќе треба да ги дообразуваат во поголема мера вработените.“

*високото ниво на раст за да бидеме рамноправни членови во друштвото на најразвиените земји. За да можеме тоа да го постигнеме, клучно е постоењето висококвалитетна работна сила која ја гради образованието. Образованието треба да создаде кадри со знаења, аналитички способности, одговорност, изградени процедури за прифаќање нови знаења и други позитивни карактеристики кои ќе овозможат иновации и просперитет во компаниите. Ако не создава такви кадри образованието кај нас, тоа ќе биде оставено на компаниите. Тие ќе треба да ги дообразуваат во поголема мерка вработените, а компаниите не се специјализирани за образование, тие имаат друга дејност. Колку е послабо формалното образование, толку повеќе работа во едуцирање на своите кадри им се остава на компаниите. Поради тоа, нивните перформанси и продуктивност нема да бидат компетитивни споредено со компании кои доаѓаат од средини со подобро образование. Не дека компаниите не треба да вложуваат во развој и во едукација на своите вработени, но формалното образование треба да ги донесе и средношколците и академските граѓани до далеку повисоко ниво од тоа што е денес“*, вели универзитетскиот професор и бизнисмен, проф. д-р Орце Симов.

Експертите потсетуваат дека и статистичките податоци потврдуваат дека последните години имаме најмал раст од земјите на Западен Балкан, а тоа се предвидува и за наредните години. Предупредуваат дека ако не промениме нешто, нема да се променат ниту слабите економски резултати. Образованието е тоа што ги произведува идните електроинженери, доктори, правници, машинци, економисти и професионалци од сите други области. Но што ѝ е потребно на нашата земја за да има силна економија?



Симов: „Статистичките податоци потврдуваат дека последните години имаме најмал раст од земјите на Западен Балкан, а тоа се предвидува и за наредните години“
*Извор: nezavisen.mk*

***„Ако сакаме поголем економски раст, потребни ни се иновации кои генерираат поголема додадена вредност, а и претприемнички дух за да можат иновациите да се комерцијализираат. А тие треба да бидат од областа на технологијата, потребни се технолошки иновации, а за да се случат, потребно е големо знаење од областа на природните науки, математика, физика, хемија, информатика. Од друга страна, пак, потребни се извонредни кадри и во медицината и во општествените науки. За да е животот на сите граѓани во општеството поквалитетен и посодржаен, потребни се и доктори, економисти, правници, уметници, професионалци во сите области. Со една реченица кажано, на Македонија ѝ се потребни извонредни кадри во секоја област“***, вели професорот Симов.

За да се случат промените, потребни се промени уште во основното образование. А потоа, следствено ќе се случат и во останатите образовни институции, велат познавачите.

***„Промената на професијата, на профилот, не е едноставна работа. Тоа е и финансиски и временски предизвик. Води кон фрустрација на личноста која одбрала некоја професија што не ја сака, кон која нема афинитети и за која нема предиспозиции. Ако заклучи некое лице дека не му одговара професијата што ја одбрало и за која завршило образование, дека има нешто што повеќе го сака или нешто во кое може да постигне повисоки резултати, тоа води кон две работи. Првата работа е да ја смени професијата низ еден нов образовен циклус, за што се потребни и значителни финансиски средства и временски период од повеќе години, а втората работа е цел живот да работи во област за која нема желба, страст и мотивација. Ако, пак, во компанија се вработи лице кое има образование за една сфера, а талент и афинитети за друга сфера, за компанијата тоа исто така претставува неповолна состојба, намалена продуктивност и профитабилност. Секој човек има талент за нешто. Општеството е толку подобро колку што поточно ќе го определи вистинскиот талент и вистинското место на секој поединец во системот.***

***Фигуративно кажано, не можеме да очекуваме добри резултати ако тој што има предиспозиции за сумо-борач го ставиме да биде спринтер на 100 метри, а тој што има особини за спринтер на 100 метри, го ставиме во тимот за сумо-борачи. Двете лица нема да постигнат добри резултати и ќе бидат незадоволни од своите постигнувања. Треба што порано и што поточно да го определиме полето во кое ученикот може да постигне најдобри резултати и да го насочиме кон таа област. Сметам дека изборот на професијата треба да биде уште во основно или евентуално во средно образование. За време на студиите е веќе доцна“***, вели професорот Симов.

Но, Македонија губи речиси секоја летна сезона. Работната сила која ѝ е најпотребна за да ги задоволи потребите на македонското стопанство, на македонските граѓани и особено на туристите, заминува надвор од нашата земја за подобри услови. Како резултат на огромниот извоз на работна сила, паѓа квалитетот на услугите бидејќи нема работници што ќе ја вршат работата. А како да ги задржиме работниците? Тоа е екстремно тешко, е најчестиот одговор и на работодавците и на експертите.

***„Еден од најголемите предизвици со кои се соочува македонското стопанство е недостигот од квалификувана и***

*неквалификувана работна сила во сите сектори. Како што спомнавте, особено е изразен овој недостиг во летниот период во угостителството, па и во градежниот сектор. Висината на платите веќе подолг временски период не е главната причина за иселување од Македонија. Првите места на ранг-листата на причини се од друга природа. Во последниот период, за жал, имаме високоситуирани лица и семејства кои ја напуштаат државата. Секојдневно сме сведоци на информации во печатените и електронските медиуми за намален број деца запишани во прво одделение, намален број студенти на факултети, колкав е бројот на лица што ја напуштиле земјата и слично. Оваа година се запишани 580 првачиња помалку од лани, во последните 5 години се затворени 45 училишта, а бројот на студенти запишани на државниот универзитет Св. Кирил и Методиј 2023/2024 година падна под 5000. Статистиките од демографската област бележат пад и стагнација на бројот на население, со што паѓа и бројот на работоспособното население. Проекциите на Државниот завод за статистика за бројот на население до 2070 година исто така покажуваат односно предвидуваат пад на бројот на населението. Сето ова предизвикува неповолни услови за функционирање на бизнисот, околина за водење бизнис во која главната состојка е во постојан пад. Оваа состојба генерира ефекти*



Симов: „Изборот на професијата треба да биде уште во основно или евентуално во средно образование. За време на студиите е веќе доцна."
*Извор: a1on.mk*

*што ги намалуваат вредностите на параметрите кои ги покажуваат успехот и напредокот. Причините веќе не се толку финансиски, колку што се незадоволство од нефункционирањето на системот на државата, нефункционалното здравство, образование, судство, голем број неправди, негативна селекција, маргинализација на способните и на успешните. Државните институции сè потешко ги исполнуваат и најосновните функции за кои се основани. Сето тоа води кон една разочараност, безидејност, бесперспективност и желба за иселување во земји со функционални системи*", смета професорот Симов.

Експертите сметаат дека е потребно стратегијата за заштита од недостиг на кадар да биде насочена кон отстранување на причините наведени претходно кои ја предизвикуваат таа состојба. Главните напори треба да бидат насочени кон градење праведен и фер општествен систем, потпирање на најдобрите кадри во сите области, ефикасна јавна администрација и подобрување на квалитетот на образование.

Симов: „На македонското стопанство му недостига квалификувана и нефалифицирана работна сила во сите сектори."
*Извор: vnesiboja.mk*



# БЕРОВО – РАЈ ЗА ТУРИСТИТЕ

**Кога ќе прашате некого каде може да се одмори на лето на планина, прва асоцијација се секогаш Берово и Малешевијата. Македонските „бели дробови“ се синоним за чист воздух и недопрена природа, а Беровското Езеро за разладување во тропските горештини секое лето. Ова симбиоза на природни убавини со кои е обдарен овој крај е вистинска мета на туристите од сите краишта, а особено оние кои сакаат да се занимаваат со активен туризам и да доживеат едно поинакво автентично искуство. Ако сакате вистински одмор и релаксација далеку од градската врева, во прекрасна и во недопрена природа, со чист планински воздух и со богата гастрономска сцена, тогаш повелете во Берово.**

Активниот туризам - адут на Берово.





Беровско Езеро.
*Извор: berovoadventure*





## КУЛТУРНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ – ЛОВ НА ТУРИСТИ

Лете, а особено во месец август, Берово и тоа како игра на картата на културниот туризам. Во овј месец се одржуваат најважните културни манифестации во градот за кои се заинтересирани не само мештаните, туку и туристите.

Производителите на традиционални гастрономски специјалитети, Општината ги промовира најчесто преку Саемот на локални производи „Малешевијата на дланка", кој традиционално се одржува секоја година на крајот на месец август.

***„Во централното градско подрачје, се наоѓа туристички информативен центар, каде што можат да се купат сувенири и ракотворби, а и да се најдат летоци и брошури за богатата туристичка и гастрономска понуда. Во летниот период, во непосредна близина на пунктот, по барање на производителите, општината одобрува користење на јавната површина за поставување штандови, каде што можете да ги најдете нивните локални производи"***, велат од Општина Берово.

Фестивалот „Етно плоштад" е најголема манифестација и подвижен музеј на она најубавото, исконското, непроценливо, фолклорно богатство. Убаво дополнување на настанот дава и Саемот на традиционални производи „Малешевијата на дланка", кој се одржува во склоп на фестивалот, а каде што може да се најдат ракотворби, сувенири и резби изработени на традиционален начин.

На 14-тиот „Етно плоштад" ќе има богата музичка програма, а како главна ѕвезда е најавена хрватската пејачка Јелена Розга.




Јелена Розга - главна ѕвезда на Етно Плоштад Фестивал.

„Оваа година одбележуваме 80 години од ослободувањето на Берово. Ќе почнеме со денот на општината, на кој ќе гостува познатиот музичар Влатко Терзиски, кој исто така потекнува од Малешевијата. Центалната прослава продолжува во центарот на градот, на плоштадот „Димитар Беровски“, каде што ќе продефилираат сите културно-уметнички друштва“, вели Билјана Марковска, раководител на Одделението за јавни дејности.

Организаторите ветуваат добра забава и се надеваат дека вкусната храна и музичкиот спектакл ќе им приредат незаборавно доживување на посетителите кои ќе сакаат повторно да се вратат во Берово.

Истовремено, еднодневен фестивал ќе се одржи и во Градскиот парк во Берово. Голем интерес и поддршка има за второто издание на електронската журка под отворено небо, која ќе се се случи на 27 август. Како и во минатата година, со одличната организација која остави впечаток кај сите, овој пат организаторите ветуваат уште подобра забава и дружење со звуците на електронската музика.

Од Општината велат дека градот особено живнува лете кога го посетуваат не само домашни, туку и туристи од соседството, но и од подалечните дестинации. Туризмот за градската администрација е главен стратешки приоритет.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ДО ТУРИСТИЧКИТЕ НАСЕЛБИ

Областа околу Беровското Езеро, населбата Абланица и викенд-населбата Суви Лаки се трите реони каде што има најголем дел на викендички што се издаваат, како и неколку хотели од висока категорија кои се магнет за поимотните туристи. Во последниве десетина години, евидентен е напредокот – нови сместувачки капацитети „никнуваат“ како печурки по дожд, па Берово и околината може да угостат поголем број туристи.

Сепак, за да се направи регионот уште поатрактивен, неопходно е многу да се работи на нови сместувачки капацитети, инфраструктура, нови ДУП-ови, инвестиции во туристичкиот и во угостителскиот сектор. Потенцијалите се огромни, но само делумно искористени. Вистинска штета е што во последниве години го нема џагорот од детското одморалиште, кое со години во минатото ги збираше на екскурзии и на настава во природа децата од училиштата од целата држава. Навистина боде очи глетката на урнисаните објекти, пропаднати и обраснати со трева, во околината на езерото и на месноста Суви Лаки, односно на поранешните детски одморалишта „Малешево“ и „Суви Лаки“.

Малешевијата е позната пред сè поради густата борова, дабова и букова шума, па нормално се поставува прашањето дали може Македонија да добие една поширока и поатрактивна крајезерска туристичка дестинација по примерот на развиените држави. Општините од Малешевијата да инкасираат повеќе од туристичка такса од посетителите, а населението да добие повеќе можности за работа во градовите и во селата од овој регион, кој предничи по масовното иселување.





**Патеката Абланица - Равна Река.**
*Извор: berovoadventure*



## ТУРИСТИЧКАТА НАСЕЛБА АБЛАНИЦА

Туристичката населба Абланица, оддалечена 2 километри од градот и распространета на двете страни од реката Брегалница, содржи најмногу и најатрактивни археолошки локалитети во општината. Таму може да се посети црквата „Св. Петка“ со фрескопис и иконостас изработени од локални уметници. Во моментот во Абланица се изградени над 150 викендици. Абланица е поврзана и со туристичката населба Равна Река во Општината Пехчево со пешачка патека во должина од 4 километри, преку која минува и пешачката патека Берово – Абланица – Беровско Езеро.

На почетокот на август беше избран и најповолниот понудувач за изградба на локалниот пат Берово – Црвен Брег – Абланица. Градоначалникот на Берово, Звонко Пекевски, вели дека беровчани и сите други корисници на тој дел ќе добијат нов пат за завршување на своите обврски, а туристите нова патека за шетање и нова побрза дестинација до популарната Абланица.

***„Оваа недела во законска постапка е избран најповолен понудувач за изградба на локалниот пат Берово – Црвен Брег – Абланица. Тоа е компанијата „СД Транс“. Според договорот, работните активности треба да почнат за 15 дена, а рокот на изведба е 3 месеци. Сумата од 15.424.000,00 денари за патот е обезбеден од Министерството за транспорт и врски со одлука на Владата од 14.12.2023 год.“***, вели Пекевски.

## СУВИ ЛАКИ

Туристичката населба Суви Лаки на 25 километри од Берово на патот кон Струмица, е урбанизирана во 1978 година. Содржи 500 викендици, а има можност за изградба на уште стотина викенд-куќи и деловни објекти. Овде најчесто одмараат луѓето од струмичкиот крај, кои викендиците ги користат за свои потреби, а поретко ги издаваат под закуп на туристите. Сепак, во последно време се забележува и овој тренд. Туристичките населби Беровско Езеро и Суви Лаки се урбанизирани, имаат детални урбанистички планови, па заинтересираните инвеститори добиваат дозволи за градба, најчесто на викенд-куќи, кои ги користат за сопствени потреби, но и за издавање. Од кабинетот на градоначалникот Звонко Пекевски велат дека туристичката населба



Абланица е во процес на подготовка на документација за изработка на урбанистички план, па во најскоро време се очекува и таа да се прошири со нови атрактивни објекти за сместување. Градската власт уверува дека упорно работи на проекти што се од интерес за граѓаните, но и за подобрување на имиџот на Берово како туристичка дестинација.

*„Општина Берово постојано инвестира и вложува, особено во делот на комуналната инфраструктура, по приоритети истакнати од граѓаните, секако, според можностите во буџетот. Вложувањата во двете туристички населби, најчесто се сведуваат на подобрување на комуналната инфраструктура и хигиена, како и на урбанизација и подобрување на условите за рекреативен туризам“*, вели првиот човек на градот Берово, Звонко Пекевски.

## МАНАСТИРОТ „СВ. ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ (ИСТОЧЕН ПЕТОК) – БЕРОВО

Од сите цркви и манастири кои ги има во беровскиот регион, се чини токму манастирот „Св. Пресвета Богородица“ има најголемо значење за луѓето од овој крај. Токму таму секоја година се прославува Голема Богородица, па по повод овој празник доаѓаат и луѓе од целата држава.

Црквата „Пресвета Богородица“ се наоѓа на патот Берово – Беровско Езеро, во грлото на брегалничката Абланечка Клисура. Започнала да се гради во 1972, а била завршена во 1975 година, изградена во стилот на византиско-македонските цркви од средниот век. Манастирот е машки. На 28 август правосл евниот христијански народ го прославува празникот Успение на Пресвета Богородица. По тој повод, на тој ден, секоја година Берово е домаќин на црковно=народниот собир кој се организира во манастирот „Пресвета Богородица“ (Источен Петок). На 28 август во Берово доаѓаат луѓе од сите краеви на Македонија и пошироко, а нивниот број достигнува до 15.000. Во манастирот жителите на градот-домаќин организираат масовна прослава во чест на празникот, при што секој од посетителите-поклоници ѝ оддава почит на Богородица и учествува на свечената трпеза. На тој начин се продолжува традицијата, која трае веќе десетина векови.

**Манастир „Св. Пресвета Богородица“.**
*Извор: Малеш.нет*



# КУЛТОТ КОН ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ

Беровчани се особено горди на својот великан дедо Иљо Малешевски, еден од најистакнатите револуционери од беровскиот крај, учесник во две востанија против Турците. Токму во Музејот на Берово, во историските поставки се вбројуваат и документите на Дедо Иљо Малешевски. Сепак, беровчани очекуваат великанот Дедо Иљо Малешевски да добие достојно одбележување во неговото родно Берово во вид на некакво спомен-обележје, како што е тоа со другите борци за слобода на Македонија. Сметаат дека тоа дополнително ќе ја збогати историско-музејската понуда на градот.

***„Во иницијативата предложивме да се постави спомен-обележје, да се осветли местото каде што била неговата куќа и да се постави дигитална рамка на која ќе бидат презентирани информации за ликот и делото на Дедо Иљо Малешевски, со што ќе се збогати туристичката понуда на Берово и ќе се остави и долготраен спомен за идните генерации“***, велат иницијаторите, порталот Малеш.нет.

Советот на Општина Берово ја поддржа оваа иницијатива.

Визијата на Општина Берово е да биде водечка туристичка дестинација, привлечна за инвестиции и посакувано место за живеење, со развиена инфраструктура, дрвна индустрија, земјоделство и сточарство, алтернативни и рурални форми на туризам. Силни страни на Општината Берово се еколошки чистан езагадена општина, поволните услови за земјоделско производство, долгата традиција, квалитетните локални производи – беровско сирење, компир, мед, слива, јагне, поволни услови за развој на туризмот со богато природно, културно и историско наследство, поволни услови за развој на алтернативен и рурален туризам и поволни услови за искористување на обновливи извори на енергија.

Засега, според официјалните податоци, Берово секоја година пречекува од 20.000 до 30.000 посетители што преноќуваат и има голем број категоризирани објекти, од кои во општинската каса се инкасираат, просечно за последните 3 години, по 800.000 денари.

**Автентични малешевски производи.**





Соборен храм „Св. Климент Охридски“, Скопје.





# ВЕРСКИ ТУРИЗАМ: СРЦЕТО НА ПРАВОСЛАВИЕТО ПРИВЛЕКУВА ВЕРНИЦИ

**Македонија како една од најстарите земји во кои е прифатено христијанството и по чија почва своевремено зачекорил и Апостол Павле, и тоа како е посетена од верниците не само од регионот туку и од целиот свет. Охрид или „македонскиот Ерусалим“ изобилува со 365 цркви – по една за секој ден од годината. Едни од најстарите објекти се наоѓаат токму во овој град, во кој е основана и Охридската архиепископија. Но, Македонија не е само Охрид. И другите реони имаат со што да се пофалат. Верскиот туризам во Македонија е значаен дел од туристичката понуда на земјата, со богато културно и духовно наследство. Христијанството има длабоки корени во Македонија, со многубројни цркви, манастири и други верски објекти кои имаат голема историја и значење.**

## ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО МАКЕДОНИЈА

Македонија е дом на многубројни манастири и цркви, многу од нив стари неколку векови, кои имаат уникатна архитектура и вредни фрески и икони. Во земјава има долгогодишна традиција на одржување верски празници и процесии, кои се значаен дел од културниот и духовниот живот. Празниците како Водици, Великден и Божиќ привлекуваат илјадници верници и туристи, кои доаѓаат овде за да бидат дел од уникатното искуство. Речиси и да нема организирани тури кои не ги опфаќаат главните верски објекти и знаменитости достапни за туристите. Овие тури обично вклучуваат посети на цркви и манастири, како и можности за учество во верски обреди и традиции.

Не треба да се занемарат ниту исламските верски објекти. Македонија има значителен број џамии и исламски верски објекти, особено во градовите Скопје, Тетово и Гостивар. Една од најпознатите џамии е Шарената џамија во Тетово, која е позната по својата уникатна шарена декорација.

## КОЛКУ ТУРИСТИ ГИ ПОСЕТУВААТ ВЕРСКИТЕ ОБЈЕКТИ?

Точни бројки за тоа колку туристи ги посетуваат црквите, манастирите и џамиите во Македонија тешко се наоѓаат бидејќи официјалната статистика за верскиот туризам не се води на таков детален начин.

Охрид е најпознатата дестинација за верски туризам во Македонија. Охрид привлекува над 250.000 туристи годишно, од кои многу посетуваат и верски објекти како што се црквата „Св. Софија“, манастирот „Св. Наум“, Канео и други цркви од византискиот период. Повеќе од половината од туристите кои го посетуваат Охрид се заинтересирани за културното и верското наследство на градот. Тоа значи дека околу 125 илјади туристи ги посетуваат верските објекти во и околу Охрид.

Секојдневно, голем број туристи и верници ги посетуваат овие верски објекти, особено во текот на летниот период и за време на религиозните празници. Според некои проценки, околу 30-40% од вкупните туристи во Македонија, кои достигнуваат околу 1 милион годишно, се заинтересирани за верскиот туризам, што значи дека бројот на посетители на верските објекти може да биде стотици илјади годишно.

## ДАЛИ ТРЕБА ДА СЕ НАПЛАЌА ЗА ВЛЕЗ ВО ЦРКВИТЕ?

Вреди да се напомене дека влезот во најголем дел од црквите за разлика од оние во странство е бесплатен. Црквата не заработува ништо од посетата на туристите. Многумина сметаат дека влезот во позначајните цркви и манастири треба да се наплаќа. Сепак, наплатата на влезница не е новитет за неколку верски објекти во Охрид. Уште пред 11 години, започна да се наплаќа влез во црквата „Св. Климент и св. Пантелејмон“ на Плаошник.

Тогаш од Дебарско-кичевската епархија објаснија дека билетот за влез е воведен за да може црквата непречено да функционира и да ги подмирува своите долгови за потрошена струја и телефон, како и за обезбедување плати за вработените во храмот. Трошоците за црквата односно за нејзиното одржување постојано се зголемувале, па црквата не можела повеќе да се одржува од доброволните приходи. Најголем дел од средствата завршуваат кај црковните власти, но еден дел од нив се слеваат во државната каса и во Заводот за заштита на спомениците и музеј од Охрид. Билет за влез се практикуваше во црквите „Света Софија", „Света Богородица – Перивлепта", како и во црквата „Свети Јован Богослов" во Канео.

## НАЈГОЛЕМ БРОЈ ТУРИСТИ ЗА ВЕРСКИТЕ ПРАЗНИЦИ

Верскиот туризам за време на големите христијански празници како Божик, Водици и Велигден е посебно значаен во Македонија. Овие празници привлекуваат голем број верници и туристи што сакаат да учествуваат во традиционалните обреди и да го доживеат автентичното духовно искуство.





### Божик

Во Македонија, Божик е еден од најсвечените и најзначајните празници. Празнувањето започнува со Бадник, на 6 јануари, кога се прават традиционални обреди како што се положувањето бадниково гранче и приготвувањето посна вечера. Многу луѓе ги посетуваат црквите и манастирите за Божикната литургија, особено во Охрид, Бигорскиот манастир и во Скопје. Туристите можат да доживеат богослужби, да им се поклонуваат на иконите и да учествуваат во традиционалните прослави.

### Водици

Главниот настан на Водици е фрлањето на крстот во вода, што се одржува на повеќе локации низ Македонија, вклучувајќи ги реките, езерата и базените. Мажите се натпреваруваат кој прв ќе го извади крстот, што се смета за особено благословено. Охрид е централна локација за прославата на Водици, каде што настанот се одржува на Охридското Езеро. Илјадници верници и туристи, особено православните верници од соседните држави доаѓаат за да го видат настанот и да учествуваат во церемонијата. Посетителите исто така ги посетуваат локалните цркви и манастири, како што се црквите „Св. Богородица – Перивлепта", „Св. Софија", Плаошник, како и манастирите „Св. Наум", комплексот во Калишта, струшко и други.

### Велигден

Велигден е најголемиот христијански празник, кој го одбележува воскресението на Исус Христос. Празнувањето започнува со Велики Петок и кулминира со Велигденската литургија, која се одржува на полноќ. Посебни обреди се бојадисувањето јајца, процесиите и богатите трпези. Многу верници ги посетуваат црквите и манастирите за време на Велигденската литургија. Бигорскиот манастир и црквата „Св. Климент" во Охрид се особено популарни за овој праник. Туристите кои сакаат да го доживеат Велигден во Македонија често ги комбинираат посетите на цркви со учество во локалните традиции.

Овие празници се идеална можност за верски туризам во Македонија, каде што туристите можат да доживеат автентично духовно искуство, учествувајќи во уникатните традиции и обичаи кои ги одбележуваат овие празници. Македонија е богата со верски објекти кои нудат инспиративно и културно исполнувачко искуство за посетителите.

# ПОСЕТЕНОСТ НА ЦРКВИТЕ ВО СКОПЈЕ

Иако е Охрид најзначаен верски центар во земјава, и главниот град има со што да се пофали. Најстари цркви во Скопје се „Св. Спас" и „Св. Димитрија".

Црквата „Св. Спас" на скопското Кале, во која се наоѓа гробот на револуционерот Гоце Делчев, најчесто е посетувана на 4-ти февруари и на 4-ти мај, деновите на неговото раѓање и смрт. Највпечатливиот дел од црквата „Св. Спас" е нејзиниот дрвен иконостас, изработен во првата половина на 19 век. Иконостасот е деликатно резбано дело, со сцени од Стариот и од Новиот завет, и е еден од најубавите примери на македонската резбарска уметност. Во нејзини рамки се наоѓа и мал музеј со лични предмети на војводата. Освен оние неколку денови во годината, овој храм останува релативно непосетен од туристите.

Црквата „Св. Димитрија", пак, е најстарата црква во Скопје. На нејзиното место имало стар храм, кој постоел уште од XVI век. Сегашната градба била изградена и осветена во 1896 година, со изработка на иконостас од зографот Димитрија Андонов Папрадишки.

Оваа црква важела за духовен центар на скопјани долг период. Сепак, дали поради изградбата на новиот Соборен храм или црквата „Рождество на Пресвета Богородица", некако како да падна во заборав. Иако сместена на самиот плоштад „Филип Втори", на потегот меѓу Камениот мост и Старата чаршија, туристите ја одминуваат. Има редовни верници, но други ретко. Од црквата велат дека туристите ја заобиколуваат незнаејќи ја нејзината старост и значење. Понекогаш ќе влеглe туристички тури со водич, но толку. Оттаму сметаат дека туристичкиот потенцијал на црквите останува неискористен. Освен тоа, во околината ретко има канти за отпадоци, а има и голем број кучиња-скитници, што ја нарушува сликата на централното градско подрачје.

Во Скопје, во последниве 10 години се измени и структурата на туристи. Најмногу има Турци, кои ги посетуваат исклучиво џамиите. Бројот на ноќевања е намален, а за верските празници, прв избор се најчесто Охрид или Бигорскиот манастир.

**Црква „Св. Димитрија", Скопје.**
*Извор: Википедија*



## КАКО ДО ПОГОЛЕМ БРОЈ ТУРИСТИ ВО ВЕРСКИТЕ ОБЈЕКТИ?

Освен посетителите за најважните верски празници, државава засега нема стратегија како да го зголеми бројот на туристи во верските објекти. Потенцијал има, но засега тој останува неискористен. Освен тоа, црквите и манастирите изобилуваат со исклучително културно наследство, а најстарите икони и фрескоживопис остануваат незаштитени. Тие се на мета на крадците кои со години наназад го извлекуваат од Македонија она што е вредно и го препродаваат во странство.

Во поразвиените држави, каде што пристапот кон овој проблем не е на аматерско ниво како кај нас, властите имаат стратегија како да ги привлечат туристите во верските објекти, дури и оние кои не се верници. Стратегијата вклучува:

1. Меѓународна промоција: Активна промоција на верските објекти на меѓународни туристички саеми, веб-страници и преку социјалните медиуми. Создавање посебни кампањи кои ја истакнуваат уникатноста на македонските цркви, манастири и џамии.

2. Промоција преку филмови и документарци: Поддршка за снимање документарни филмови и репортажи кои ги презентираат верските објекти во Македонија. Ваквите материјали можат да се дистрибуираат преку меѓународни канали и платформи.

3. Инфраструктура: Подобрување на патиштата и на пристапот до верските објекти, особено оние кои се наоѓаат на оддалечени и тешко достапни локации. Поставување информативни табли на повеќе јазици.

4. Развој на туристички центри и сместување: Изградба на информативни туристички центри во близина на познатите верски објекти, каде што туристите ќе можат да добијат информации и сувенири. Развој на сместувачки капацитети (како што се етно-куќи и манастирски конаци) за туристите кои сакаат да останат подолго.

5. Организирани тури: Организирање специјализирани тури кои вклучуваат посети на верските објекти во комбинација со локални културни и историски знаменитости. Овие тури можат да се насочат кон различни групи туристи, како што се студенти, истражувачи или религиозни групи.

6. Виртуелни тури и апликации: Создавање виртуелни тури и мобилни апликации кои ќе овозможат туристите да го истражуваат културното наследство на верските објекти дури и пред да ги посетат. Апликациите би можеле да понудат водичи и информации за историјата, архитектурата и религиозното значење на објектите.

7. Интерактивни изложби: Поставување интерактивни изложби во близина на верските објекти, каде што туристите ќе можат да дознаат повеќе за објектите преку модерни технологии како што се 3D мапирање, аудиовизуелни инсталации и интерактивни дисплеи.

8. Фестивали и прослави: Организирање традиционални и верски фестивали кои ги истакнуваат културните и верските обичаи, како што се музички и фолклорни настани, поврзани со верските празници.

9. Конзервација и реставрација: Редовно зачувување и реставрација на верските објекти за да се задржи нивната историска и архитектонска вредност. Ова ќе привлече туристи кои се заинтересирани за културното наследство.

# НАЈПОЗНАТИ И НАЈМНОГУ ПОСЕТУВАНИ ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ ВО МАКЕДОНИЈА

## МАНАСТИР „СВ. НАУМ“ ВО ОХРИД

Манастирот „Св. Наум“, кој датира од 10-тиот век, е еден од најзначајните верски и културни објекти во Македонија и пошироко на Балканот. Се наоѓа на јужниот брег на Охридското Езеро, во непосредна близина на границата со Албанија. Неговото значење е повеќеслојно, опфаќајќи духовни, историски, културни и туристички аспекти.

Манастирот е посветен на св. Наум, кој бил еден од најблиските ученици и соработници на светите браќа Кирил и Методиј, основоположници на словенската писменост. Св. Наум е еден од основачите на Охридската книжевна школа, која играла клучна улога во ширењето на христијанството и на словенската писменост меѓу словенските народи.

Во 910 година, по смртта, свети Наум бил погребан во малата капела во црквата. Тој бил познат како голем исцелител, и се верува дека многумина биле излечени со молитвите покрај неговите мошти. Капелата е украсена со прекрасни фрески со сцени од животот и чудата на свети Наум. Карактеристичен елемент во црквата е нејзиниот иконостас во позлатена резба, изработен во 1711 година, заедно со повеќето икони.

Манастирот „Св. Наум“ е важен центар за православните христијани и е место за поклоништво. Илјадници верници го посетуваат секоја година, особено на денот на св. Наум (3 јули), кога се одржуваат големи литургии и други верски церемонии.

**Манастир „Св. Наум Охридски“.**
*Извор: Манастир Свети Наум Охридски*




Во црквата „Св. Софија“ се организираат концерти на Охридско лето.

## ЦРКВА „СВ. СОФИЈА“ ВО ОХРИД

Според мислењата на многумина, се работи за најзначајниот културно-историски споменик на територијата на Македонија. Има повеќе хипотези за нејзиниот градител, а тоа најверојатно бил цар Самуил, кој за престолнина на својата држава решил да го избере Охрид.

Оваа средновековна катедрала датира од крајот на 10-от век, додека ѕидните фрески се избор на архиепископот Лео од почетокот на 11-от век, за што постојат прецизни записи. Посветена е на Божјата премудрост и повеќе од три века, сè до доаѓањето на Турците кон крајот на 14-от век, се користела како катедрална црква на моќната Охридска архиепископија.

Долг период била и џамија. Отоманците во 15-от век ја претвориле во џамија, па била во служба на исламот сè до 1912 г., но дури по Втората светска војна започнале конзерваторските работи на фрескоживописот, кој претставува ремек-дело на византиската уметност од епохата на династијата Комнени.

Денес, поради извонредната акустика, се користи за изведување концерти на класична музика во склоп на реномираниот фестивал „Охридско лето“, кој традиционално се одржува секоја година во периодот од 12-ти јули до 20-ти август.

Црква „Св. Софија“, Охрид.




**Иконостасот во Бигорскиот манастир.**
*Извор: macedonia timeless*

# МАНАСТИР „СВ. ЈОВАН БИГОРСКИ“

На самиот пат Маврово – Дебар, по течението на реката Радика, сместен во недопрена природа од зимзелена шума е сместен манастирот „Св. Јован Бигорски“. манастирот бил основан од страна на монахот Јован во 1020 година, а во XVI век манастирот бил разрушен од страна на отоманската власт, кога од целиот комплекс останал само дел како мала црква. Тој бил повторно обновен во 1743 година.

Името на Бигорскиот манастир доаѓа поради фактот што објектот бил изграден од бигор. Бигорски манастир го сочинуваат манастирската црква, која е посветена на Јован Крстител, костурницата сместена до самата црква, сејменската одбранбена кула, комплексот манастирски конаци, како и новоизградените гостински конаци.

Манастирот „Св. Јован Бигорски е надалеку познат по својот иконостас. Него во периодот од 1829 до 1835 година го правеле занаетчиските раце на Петре Филипов-Гарката од селото Гари, заедно со брат му Марко Филипов, Макариј Фрчковски од Галичник и Аврам Дичов со синовите Васил и Филип, од родот Филиповци од Осој.

Бигорскиот манастир е познат и по иконата на св. Јован Крстител, за која се верува дека има чудотворна моќ. Според преданието, иконата ја нашол монахот Јован во 1020 година. Таа сама дошла до местото каде што подоцна бил изграден Бигорскиот манастир и лебдела над изворите на реката Радика.

Во XVI век, во времето на султанот Селим II, Османлиите го запалиле Бигорскиот манастир, а иконата мистериозно исчезнала, по што уште помистериозно се вратила неоштетена. Во манастирските списи е запишано дека иконата на свети Јован Крстител 35 години не била заштитена и дека дури во 1885 година е обложена со сребрен оклоп. На иконата Јован Крстител е претставен како светец-трирачник. Се верува дека третата рака е благословачка и дека иконата им помага на родителите кои не можат да добијат деца.



**Манастир „Св. Јован Бигорски“.**
*Извор: macedonia timeless*



# ОСОГОВСКИ МАНАСТИР

Овој манастир е посветен на свети Јоаким Осоговски, светец со силен култ на почит во Североисточна Македонија. Изграден во 12 век, овој манастир се наоѓа во непосредна близина на Крива Паланка.

Пустиножителството Свети Јоаким го започнал во селото Градец, во осоговскиот крај, а потоа засекогаш се населил во една пештера во местото Бабин Дол во близината на Сарандапорската Река, каде што останал до крајот на животот. Ова место се наоѓа близу денешниот манастир.

Ретко кој знае дека има и една пештера, испосница, северно од Крива Паланка, токму во близина на Градец, каде што светецот престојувал подолг период. Пештерата е означена, има скали што водат до неа, но таа ни оддалеку не е толку посетена од туристите како што е манастирот. Можеби единствено од локалните жители.

Манастирот е отворен за верници, посетители, патници и добронамерници. Најчесто доаѓаат на поклонение на чудотворните мошти на св. Јоаким, кои се чуваат во самата црква.

На празникот на храмот, 16 август, мноштво верници доаѓаат во манастирот за да му се поклонат на Светителот.

Тука се одржуваат и културни манифестации, како на пример Меѓународна ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски", Летна школа за архитектура и Колонија на Здружението на копаничарите.



**Осоговски манастир.**
*Извор: Ненад Антовски*



# ЛЕСНОВСКИ МАНАСТИР

На југозападните падини на планината Осогово, на надморска височина од околу 870 метри, во селото Лесново се наоѓа манастирот „Св. Архангел Михаил и пустиножителот Гаврил Лесновски“, меѓу народот повеќе познат како Лесновски манастир. Манастирот доминира над Злетово и Пробиштип. Зајдисонцата на оваа локација се спектакуларни.

Се смета дека ктитор на црквата „Св. Архангел Михаил“ е деспотот Јован Оливер, кој во 1341 година ја подигнал оваа црква врз темелите на некоја постара базилика која постоела во времето на Гаврил.

Настанувањето на манастирот се поврзува со животот на пустиножителот Гаврил Лесновски. За време на неговиот живот, манастирот постоел, па тој таму се замонашил.

Од особено значење во Лесновскиот манастир е иконостасот од 1814 година, изработен во релативно покрупна резба од мајсторското длето на познатата мијачка копаничарска школа предводена од Петре Филиповски-Гарката. Сегашниот иконостас е поставен на местото на некој постар, кој е отстранет од црквата.

Овде се наоѓала една од најголемите библиотеки во православниот свет, но сите книги биле изнесени со балканските и светските војни. Голем дел од ракописите се во библиотеките на соседните земји и по приватни колекции низ Европа.

Свети Гаврил живеел и во пештерите околу манастирот. Таму постел, се молел. Туристите ги посетуваат и овие пештери, до кои водат патеки и мостови бидејќи се наоѓаат од другата страна на патот кој води кон манастирот. Самиот манастир, а и селото Лесново се сместени во згаснат вулкански кратер, па затоа и околината на селото изобилува со многу пештери.



**Лесновски манастир.**
*Извор: Бенита Стојмирова*

# МОНОГРАФИЈА: 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ЗАРЕ ЛАЗАРЕВСКИ

## ПРИКАЗНА ЗА ВИЗИОНЕРОТ, КРЕАТОРОТ И ЗА ГРАДИТЕЛОТ НА СКИ-ЦЕНТАРОТ И МАВРОВО



На падините на планината Бистра, веднаш над селото Маврово, се наоѓа популарниот скијачки центар познат под името „Заре Лазаревски“, а сега преименуван во „Ресорт Маврово“. Ова чудо од градба го замисли и го реализира мавровецот Заре поради кого овој импозантен скијачки комплекс, кој беше направен речиси од ништо, го доби неговото име. Крајот со преубави природни убавини, но запустен и испустен, особено по Втората светска војна кога населението присилно се иселува, за Заре Лазаревски значел предизвик да создаде нешто вредно и трајно за да го препороди целиот Мавровски Регион. Голем визионер, харизматичен и авторитетен, успеа невозможното да го



Заре Лазаревски, голем визионер, харизматичен и авторитетен, успеа невозможното да го направи возможно.

направи возможно и по три децении работа Маврово и пустиот планински предел да ги претвори во познат туристички центар не само во земјава туку и во целиот регион. Тој остави зад себе едно капитално животно дело: две жичарници, 9 ски-лифтови поврзани онака како што се европските скијачки патеки за слалом, велеслалом, спуст, како и бројни сместувачки објекти со целосно изградена инфраструктура. Оттаму, несомнено е дека Заре Лазаревски и Скијачкиот центар „Маврово“ се синоним за една неделива целина.



Потомците на Заре: „Беше смирен, не повишуваше тон и работите ги кажуваше само еднаш“.

Лазаревски живее и создава во еден период на социјалистичко општество во кое државата беше сопственик на сите национални добра, време кога личните иницијативи не се доживуваа позитивно, туку најчесто тешко се прифаќаа. Тоа беше време кога во тогашната Социјалистичка Република Македонија (сега Република Македонија) како дел од државата Југославија, немало никакви приватни донации, спонзорства и слично. Тогаш беше исклучително тешко самоиницијативно да се зафатиш за еден таков проект каков што бил развојот на скијачки и туристички центар. Ова особено затоа што Маврово и мавровскиот крај биле мошне убави, но пусти планински предели, особено опустошени, опљачкани и напуштени за време на Втората светска војна (1941 – 1945). Да се врати населението кое побегнало од теророт и од ужасите на војната, било незамисливо. Заре Лазаревски токму тоа го сакал, а во еден период и успеал да го постигне. Овој визионер со неисцрпна енергија, оптимизам и со постојан ангажман, ѝ се посветил безрезервно на својата мисија. Оттаму, не изненадува тоа што сите соговорници и негови современици, за него зборуваат со посебен пиетет, со почит, со воодушевување за неговата работа, посветеноста и за неговиот ентузијазам.

Според изјавите и сеќавањата на пријателите и на блиските соработници, станува збор за исклучително харизматичен господин во секоја смисла на зборот, шармантен, авторитетен, а воедно тивок и благ.
Заре Лазаревски важел за човек кој има време за сè, грижлив кон семејството и целосно посветен на изградбата и развојот на скијачкиот центар и Мавровскиот Регион. Пријателите и соработниците го карактеризираат како: едноставен човек со неисцрпна енергија, крајно совесен во извршувањето на одговорната функција заменик на републичкиот јавен обвинител, кој слободното време го посвети на остварувањето на својот животен сон –

создавањето на скијачкиот комплекс на падините на планината Бистра.

Човек кој никогаш не се ставал себе си во прв план, ниту своите лични интереси, туку, пред сè, интересите на заедницата, работејќи тимски и водејќи грижа за сите соработници и помошници. Иако, според сеќавањата, имало и лица кои со скептицизам гледале на неговата идеја и кои во тоа време ваквиот зафат го сметале за вистинска утопија. Тие, особено на почетокот, иницијативата ја етикетирале како импровизација без претходна подготовка. Меѓутоа, вистината е дека Заре Лазаревски никогаш ништо не правел случајно, набрзина, неплански и неподготвено. Тој со години мошне прецизно ја разработувал идејата до детали и токму затоа од започнувањето на изградбата на скијачкиот центар сè се одвивало програмирано и плански. Омилен меѓу другарите и пријателите, човек особено почитуван од пошироката јавност, најчесто наидувал на големо разбирање кај сите оние кај кои се обраќал за поддршка и за финансиска помош. Благодарејќи на личните контакти, како и со аргументираниот настап, најчесто наидувал на позитивен одговор. Согласно со можностите, некои помагале финансиски, други со материјали, а особено скапоцена била помошта од стручни поединци и од организации.

Лазаревски секогаш лично се ангажирал за секој зафат, од почетните активности, па сè до финализацијата на замисленото. Оние кои го познаваа, го знаеја како непоколеблив оптимист. Иако почетоците биле мошне скромни, речиси со никакви финансиски средства, неговата голема визија, желба, иницијативност и упорност, направија Маврово и регионот да станат еден од најпознатите туристички центри во Македонија, но и пошироко. Токму заради сето тоа, Собранието на Општината Гостивар, на иницијатива и на предлог од долгогодишниот соработник и близок роднина Александар Груевски-Санде, во 1990 година донесе одлука скијачкиот центар да го добие името „Заре Лазаревски“.

Такво беше Маврово тогаш, во времето на осумдесеттите години од дваесеттиот век, кога центарот којшто го осмисли и го изгради Заре Лазаревски, заживеа и стана хит во регионот. Имаше навистина еден незаборавен, посебен сјај во тие мавровски монденски денови. Таа особеност на Маврово како скијачки туристички центар остана и како пример за тоа дека и од ништо се може многу во какви и да е услови. Трајна вредност и спомен на



**Според изјавите и сеќавањата на пријателите и на блиските соработници, станува збор за исклучително харизматичен господин во секоја смисла на зборот.**

нешто што замисли и создаде еден човек, харизматичниот, вредниот и упорниот Заре Лазаревски, креаторот на градбата на ски-центарот и на развојот на Маврово.

*„Каков беше татко ми и како го доживував јас. Беше смирен, не повишуваше тон и работите ги кажуваше само еднаш. Ако требаше да ме разбуди за на факултет, само еднаш ме викаше, а ако не станам од прв пат, тоа е мој проблем и јас ќе задоцнам. Генерално беше смирен, трпелив, не влегуваше во конфликт. Единствено што можеше да го изнервира беше ако работите во Маврово не одеа така како што треба, но затоа, пак, се радуваше најмногу на свет кога нешто ќе поминеше одлично. Сè уште ми е во најсвежо сеќавање колку беше среќен кога се поставуваа столбовите на двоседот со хеликоптер на тогашната ЈНА. За таа 1979 год (пред 45 години) тоа беше невиден спектакл и успех за само 2-3 дена во зимски услови да се постават столбови за жичарница на стрмни делови од планината. Притоа, РТС го снимаше поставувањето и го емитуваше на вести. Беше голема работа, а Заре беше неизмерно среќен“*, изјави неговата ќерка Јованка Лазаревска-Станчевска на промоцијата на монографијата „Сто години од раѓањето на Заре Лазаревски“.

На што се должи неговиот успех да ја спроведе својата визија и во временски период од 25 години да создаде комплекс од жичарници, ски-лифтови, ноќно скијање, хотели, целосна инфраструктура од пристапни патишта, паркинзи, електрификација, воспоставување телефонија, пренасочување на речни текови и слично? Најпрвин имал визија, упорност да ги комплетира работите,



Ски-центарот „Заре Лазаревски“ во Маврово.

поседувал мека моќ благодарение на својата позиција во општеството, но и од сè што е кажано во книгата од тие коишто соработувале со него е дека, пред сè, бил тимски играч, им ја доверувал работата на професионални луѓе во коишто имал доверба и едноставно не бил суетен. За сето ова доказ се жичарниците, ски-лифтовите, ски-патеките, кои сè уште ги користиме, а очигледно се добро направени кога функционираат и по 50 години откако се поставени.

***„Сакавме оваа книга да остане запис за тоа што успеал да создаде еден човек којшто бил единствено воден од својата желба и љубов да создаде нешто што ќе биде добро и ќе остане за сите, а без притоа да имал каков било личен интерес. Таков беше Заре, светски, а сепак наш“***, истакнува неговото семејство. Авторите на оваа монографија се Јасмина Миронски и Бранислав Станчевски, кои изразуваат благодарност до ќерката Јованка Лазаревска-Станчевска и до синот Бодан Лазаревски за нивниот ангажман. Посебна благодарност упатуваат и до Зоге Груевски, кој ја систематизирал хронологијата на изградбата на скијачкиот центар во Маврово, од која се преземени дел од податоците користени во оваа монографија, како и до фирмата „Гоинвест“ ДООЕЛ Скопје, чиј сопственик е Вељко Лазарески, внук на Заре Лазаревски од неговиот најмлад брат Крсте.






**Семејството Лазаревски: „Сакавме оваа книга да остане запис за тоа што успеал да создаде еден човек воден од својата желба и љубов да создаде нешто што ќе остане за сите, без личен интерес“.**



# МИТРОВА:

Александра Митрова (35) дипломирала на Универзитетот Скопје на Факултетот за туризам во 2010 година. По завршување на студиите, имала можност веднаш да се истакне на пазарот на трудот и да напредува релативно брзо.

Во нејзината професионална биографија се вклучени неколку значајни работни искуства кои ѝ помогнале

# ИДНИНА

**Александра Митрова,**
**алумни на Универзитетот Скопје**

> "
> ## СТУДИРАЊЕТО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ МИ ОБЕЗБЕДИ БОГАТО ПРАКТИЧНО ИСКУСТВО ПРЕКУ РАЗЛИЧНИ ПРОЕКТИ И ПРАКСИ ВО И НАДВОР ОД МАКЕДОНИЈА



да ги развие и да ги примени знаењата и вештините стекнати за време на студиите. Била вклучена во операциска работа во туристичката индустрија – ресторан, рецепција, туристичка водич, продажен асистент во туристичка агенција, односи со јавност.

Сега е директор за продажба и маркетинг во „Скопје Мериот Хотел“.

**Нема работно место без испраќање биографија, основната информација и првото нешто што зборува за вас и за вашето ниво на образование. Вие завршивте на УТМС на Факултетот за туризам. Колку сте задоволни од стекнатото знаење и колку Ви помогна тоа да напредувате во кариерата?**

Студирањето на факултетот не само што ми обезбеди теоретска основа, туку ми даде и богато практично искуство преку различни проекти и пракси во и надвор од Македонија. Ова искуство директно ми помогна да ги разберам потребите и очекувањата на клиентите, како и да развијам вештини за комуникација и менаџмент. Со завршување на студиите, имав можност веднаш да се истакнам на пазарот на трудот и да напредувам релативно брзо.

**Патувањата, современите туристички дестинации, хотелската работа – сето тоа е дел од причините да се студира на овој факултет. Што беше ваша мотивација?**

Мојот интерес за Факултетот за туризам произлезе од мојата страст за патувања и истражување нови култури. Патувањето ни овозможува да се запознаеме со различни традиции, обичаи и луѓе, што ми е особено интересно и возбудливо. Сакав да научам како функционира туристичката индустрија, како се развиваат дестинациите и што ги прави атрактивни за туристите.

Хотелската работа, пак, ми се чинеше како одлична можност да развијам вештини за управување и сервис. Заемното дејствување со различни гости и организацијата на хотелските операции се аспекти кои ме привлекоа и кои сум ги гледала како предизвик и можност за личен и професионален развој.

Мојата основна мотивација беше и останува желбата да бидам дел од индустрија која е динамична, интернационална и полна со можности за иновации и креативност. Туризмот ми овозможува да ја комбинирам работата со задоволството и да ја следам својата страст додека истовремено придонесувам за позитивни искуства на луѓето кои патуваат.

Колку сте задоволни од академскиот кадар и од наставата? Која е најголемата лекција што ја научивте во текот на студирањето?

Она што ми беше мене од големо значење е тоа што професорите беа исклучително компетентни, посветени и достапни за студентите.  Гостувањата на професионалци од индустријата и теренските посети на туристички дестинации и хотели, дополнително ја збогатија мојата едукација. Наставата беше добро структурирана и комбинираше теоретски предавања со практични вежби и проекти. Оваа комбинација ми помогна да ги разберам концептите и да ги применам во реални ситуации, а со тоа да бидам спремна и за нови предизвици.

Една од најголемите лекции што ја научив е важноста на континуираното учење и адаптирање. Студиите и истражувањата се процеси кои не завршуваат со завршувањето на образованието. Секогаш има нови информации, нови технологии и нови перспективи. Токму таа отвореност кон новото и способноста да се приспособиме на промените се клучни за личниот и професионалниот развој.

**Во комбинација со знаењето и работните вештини, на дипломците ќе им биде полесен патот кон пронаоѓање атрактивно и добро платено место. Кои работни искуства се запишани во вашата биографија?**

Во мојата биографија се вклучени неколку значајни работни искуства кои ми помогнаа да ги развијам и да ги применам знаењата и вештините стекнати за време на студиите. Тоа се моите први работни искуства кои вклучуваат операциска работа во туристичката индустрија (ресторан, рецепција, туристичка водич, продажен асистент во туристичка агенција, односи со јавност) стекнати за време на практичната работа во



Митрова: „Мојот интерес за Факултетот за туризам произлезе од мојата страст за патувања и истражување нови култури.“

нашата држава, но и надвор од неа.

Овие искуства за мене се повеќе од значајни поради тоа што ми овозможија да ги применам теоретските знаења во практична средина, да развијам комуникациски и организациски вештини и да стекнам драгоцени контакти во индустријата. Тие ми помогнаа да се адаптирам на различни работни услови и да се справувам со предизвици, што е многу важно за успешна кариера во туризмот, па и во секоја индустрија.

**Некои работи се производ на знаење, работа и упорност, а за некои е заслужна и среќата. Како станавте директор за продажба и маркетинг на „ Скопје Мериот Хотел“, хотел со пет ѕвезди, најатрактивниот во Македонија?**

Да се биде дел од менаџерскиот тим на „Скопје Мериот Хотел“ е резултат на напорна работа, континуирано учење и посветеност во мојата кариера. Но, исто така, и на среќата и на вистинските шанси кои ги искористив на патот до успехот.

Образованието и практичното искуство кои ги стекнав за време на студиите на Факултетот за туризам се од клучно значење. Мојата кариера започна со различни позиции во туристичката индустрија кои ми помогнаа да ги развијам и да ги усовршам организациските и комуникациските способности, како и да научам како функционира еден хотел целосно однатре, локално и интернационално.

**Како е исполнет еден работен ден на менаџер на хотелот „Мериот“?**

Работата на раководна позиција во хотел е многу предизвикувачка, но истовремено и многу задоволувачка. Секој ден е различен и исполнет со нови можности за учење и подобрување на секое поле.

Денот започнува со краток состанок со тимот, каде што ги разгледуваме дневните активности, резервирани настани и сите важни информации за гостите кои ќе пристигнат. Ова е моментот кога се распределуваат задачите и се осигуруваме дека сите се информирани и подготвени.

Потоа правиме обиколка на хотелот и салите за настани за да обезбедиме дека сè тече согласно планираното. Ова вклучува попатно решавање на било какви проблеми или посебни барања.

Административните задачи се неизбежен дел од работењето. Тие вклучуваат подготовка на извештаи, креирање и управување со буџет, анализа на податоци за пополнетост на хотелот, ценовна стратегија, маркетинг стратегија и, секако, управување на алатки за мерење на задоволство на гостите.

Еден дел од денот е секогаш резервиран за стекнување нови контакти како и решавање непредвидени проблеми. Тоа може да биде сè, од технички проблеми, до специјални барања на одредени клиенти.

Како за крај на денот, пред да заминам, планирам активности и задачи за следниот ден, со цел да се осигурам дека сите ресурси се на располагање и дека со тимот сме подготвен за новиот работен ден.

**Комуникацијата на секој степен е основа за успешната работа. Каков е Вашиот пристап со гостите? Како реагирате кога дел од нив се подготвени да раскажуваат и свои судбини?**

Мојот пристап кон гостите е секогаш насочен кон обезбедување највисоко ниво на услуга и задоволство. Секој гостин треба да се чувствува ценет, почитуван и задоволен од нашиот хотел. Успешната комуникација и персонализираниот пристап се клучни за постигнување на сето тоа.

Кога сакаат гостите да споделат дел од својата приказна или судбина, внимателно ги слушам и покажувам емпатија и почит кон нивните чувства и искуства. Внимателното слушање ми помага да ги разберам нивните потреби и желби, како и да ги предвидам нивните очекувања, а воедно ним им дава чувство на разбирање и поддршка.

Почитувањето на приватноста е клучен момент во овие ситуации. Во поголем дел од случаите, по вакви разговори, правам следен чекор за да се осигурам дека гостинот е задоволен и дека нема дополнителни потреби или грижи.

**Добриот тим е од голема корист. Како го мотивирате и го водите Вашиот тим низ работата?**

Се трудам да бидам пример со моето однесување и работна етика. Покажувам посветеност, професионалност и позитивен



Митрова: „Професорите беа исклучително компетентни, посветени и достапни за студентите."

став, а тоа го очекувам и од нив. Сметам дека лидерството со пример создава доверба и почит во тимот.

Овие принципи ми помагаат да го мотивирам и да го водам тимот во „Мериот“ осигурувајќи дека сите работиме заедно кон остварување на заедничките цели и кон обезбедување највисоко ниво на услуга за нашите гости.

Препознавањето и наградувањето на успесите и на напорната работа преку пофалби на состаноци, месечни награди за вработен на месецот или дури и мали гестови на благодарност – сето тоа е дел од нашето секојдневие.

Како дел од најголемиот хотелски ланец, располагаме со многу алатки за професионален и личен развој на секој вработен, а тоа дава неограничена можност за нивно користење, што помага за побрз развој и зголемување на мотивацијата.

Постои дрес-код за работа. Иако ниедно здолниште или панталони не може да го надополни недостигот од знаење и емпатија, многу е поважно каков став имате и каква порака праќате. Каков е случајот кај Вас?

Дрес-кодот и професионалниот изглед се важни аспекти во хотелската индустрија, особено во висококвалитетни објекти како „Мериот“, каде што се одржува високо ниво на етиката и на изгледот. Сепак, верувам дека најважниот аспект е ставот и начинот на комуникација кој го носите.

Моето внимание не е само на личниот изглед, туку и на тоа како моето однесување и комуникација ги одразуваат културата и вредностите на хотелот. Ги покажувам нашите принципи преку моето дејствување и став создавајќи позитивен впечаток и веродостојност.

**Кои ѕвезди ги запознавте, како впечаток Ви оставија?**

Работата со високи личности и јавни фигури ја нагласува важноста на професионалноста и дискретноста во нашата работа. Во мојата улога како директор за продажба и маркетинг во „Скопје Мериот Хотел“, секојдневно имам можност да преговарам и да се среќавам со познати личности од различни области, вклучувајќи бизнис, политика, спорт и музика. Среќавам претседатели, министри, амбасадори, како и познати спортски и музички ѕвезди.

Иако поради заштита на нивната приватност не можам да споделам конкретни имиња, секое од овие искуства носи не само професионални предизвици, туку и лични задоволства. Секое од овие искуства е вредно и оставило траен впечаток врз мене и врз мојот тим.

**Митрова: „Работата на раководна позиција во хотел е многу предизвикувачка, но истовремено и многу задоволувачка.“**



# МАКЕДОНИЈА Е СОВРШЕН ТЕРЕН ЗА ТУРИЗАМ



**Големи инвестиции, успешна соработка помеѓу двете земји на меѓународен план и поддршка за европската перспектива. Македонија може да се пофали со добрите односи кои со години ги гради со Австрија. Пред една година за амбасадор на земјата во Македонија е назначен Мартин Памер, со долгогодишно меѓународно искуство. Иако времето на престој е сè уште кратко, тој редовно остварува средби со владејачката гарнитура и со опозициските партии и одблиску ги следи случувањата на политичката сцена. Сепак, најмногу ужива во посетите низ Македонија и во нејзините природни убавини.**

**,,Северна Македонија има одлични природни ресурси, природа што го одзема здивот и големо културно-историско наследство. Да не ги заборавиме и вкусната храна и извонредните вина. Ова може да биде совршен терен за поттикнување на туризмот и за правење на земјата поатрактивна за странските туристи“, вели амбасадорот на Австрија во Северна Македонија, Мартин Памер.**



**Н.Е. Мартин Памер, амбасадор на Австрија во Македонија.**
*Извор: Амбасада на Австрија*



Во интервјуто за „Магазинот за менаџмент и туризам" зборува за повеќе теми, од конфликтите кои го загрижуваат светот, до европската перспектива на нашата земја.

,,Европа, а особено овој регион, треба да стави повеќе фокус и енергија на својата иднина како просперитетен член на европското семејство. Австрија е тука да ја поддржи вашата земја на овој пат".

Покрај тоа што е амбасадор на својата земја, тој е искрен амбасадор и за нашата Македонија. Вели дека ужива да ги прошета своите гости кои го посетуваат од различни држави и да им ги покаже убавините како што тој ги доживува. И ќе рече: ,,Видов и прошетав речиси сè. Од Охрид, Крива Паланка, Струмица, Шар Планина". Но најмногу од сè, се воодушевува на како што вели ,,сончевото и зачудувачко Скопје".

**Господине Памер, Вие сте амбасадор на Австрија, која будно ги следи состојбите на Блискиот Исток. Поради сериозноста на ситуацијата, безбедноста во Европа е на високо ниво. Фокусот на светот е насочен кон Израел и Хамас. Сè повеќе напади и тензии од двете страни кои го загрозуваат животот на населението. Кој е Вашиот став? Дали сметате дека конфликтот може да се разлее и кон останатите земји, со оглед на тоа дека многу од нив веќе јавно ја искажуваат својата поддршка за едната или за**




**Памер: „Зголемената емиграција на младите е од клучно значење.“**
*Извор: Амбасада на Австрија*

**другата страна?**

Последните случувања навистина укажуваат на тоа дека опасноста од регионален конфликт расте. По варварскиот терористички напад на Хамас во Израел на 7 октомври 2023 година и многубројните жртви во Газа поради израелската реакција, тензиите и непријателствата во сложената средина на Блискиот Исток повторно се зголемија. Австрискиот став е јасен: Израел има право да се брани. Притоа, Израел мора целосно и безусловно да го почитува меѓународното, а особено меѓународното хуманитарно право. Екстремистичките насилни израелски доселеници само го поттикнуваат конфликтот, истото го прават и провокациите од Иран и неговите застапници како Хезболах во Либан. Австрискиот министер за надворешни работи Александар Шаленберг патуваше во регионот неколку пати во последната година и ќе продолжи да одржува близок контакт со сите засегнати страни. Австрија ги поддржува меѓународните напори да се спречи понатамошна ескалација на Блискиот Исток и да се промовира стабилноста во регионот и пошироко. Ние цврсто веруваме дека решението „две држави“ е единствениот начин да се стави крај на израелско-палестинскиот конфликт и да се спречат понатамошни тензии во регионот.

**Од земјите во Европа, Австрија е земја со висок стандард и добра економија, чии компании освен што вложуваат во својата земја, својот бизнис го шират и надвор од границите. Според последните информации вкупните инвестициите од Австрија во нашата земја надминале милијарда евра. Дали има интерес и од нови компании да вложат во Северна Македонија?**

Според вложените финансиски средства, Австрија е број еден странски директен инвеститор во Северна Македонија, тоа е точно. И да, има многу поголем интерес од австриските компании да инвестираат во многу различни полиња, но во исто време забележуваме значително двоумење да ги истражиме потенцијалите во Северна Македонија. Многу ја почитуваме декларираната намера и фокус на новата Влада за подобрување на клучните околности за македонската економија, пред сè преку обезбедување владеење на правото и преку неопходните судски реформи. Само



Памер: „Она што сè уште ви треба е конструктивен и посветен однос кон земјата, поволен и пристапен однос кон инвеститорите.“
*Извор: Амбасада на Австрија*



во последната година, ќе дадам конкретни примери, австриските компании почнаа да се занимаваат со области како што се јавното управување со отпадот во Тетово, производството на предмети за автомобилската индустрија, како и системот за јавно осветлување во Струга. Во иднина, инвестициите ќе продолжат и во останатите македонските градови. Најголемото австриско претпријатие во Северна Македонија, „ЕВН Македонија“, исто така најави многу важна инвестиција во модернизација на системите за обезбедување енергија во вашата земја во 2025 година.

**Каде сметате дека треба Северна Македонија да ги вложи своите ресурси за да ја зајакне економијата?**

Прво и основно, институциите и јавната администрација треба да функционираат соодветно. Адекватното користење на човечките ресурси, особено со оглед на сè уште зголемената емиграција на младите, е од клучно значење. Ова вклучува зголемување на квалификациите преку инвестирање во професионално образование, како и обезбедување финансиски перспективи за младите луѓе и потенцијално успешните бизниси.

Северна Македонија има одлични природни ресурси, како и природа што го одзема здивот и големо културно-историско наследство, да не заборавиме на вкусната храна и на извонредните вина. Ова може да биде совршен терен за поттикнување на туризмот и за правење на земјата поатрактивна за странските туристи. Сепак, повеќето од овие предуслови – понекогаш буквално ако мислиме на загадувањето – не се правилно искористени поради многуте различни и многу предизвикувачки причини кои произлегуваат главно од минатото, но и од песимистичкиот начин на размислување, кој не е погоден за позитивни промени.

Водата, ветерот и услугите како што е туризмот се можеби клучните ресурси со кои располага Северна Македонија. Она што сè уште ви треба е конструктивен и посветен однос кон земјата, поволен и пристапен однос кон инвеститорите и – пред сè – кредибилен и проактивен пиар. Ако успеете да го постигнете сето тоа, на крајот ќе ја поттикнете и економијата.

**Вашата земја е домаќин на голем број туристи во текот на целата година. Кои**

**се Вашите препораки до институциите за да се создадат подобри услови за привлекување странски туристи?**

Северна Македонија навистина има што да понуди: мултикултурен живот, манастири, планини, езера, музика и многу повеќе. Сепак, квалитетот на инфраструктурата и услугите во сите области релевантни за туризмот честопати се далеку зад меѓународните стандарди. Покрај тоа, Северна Македонија сè уште не е доволно позната како атрактивна туристичка дестинација, што всушност би можела да биде. Што е можно поскоро треба да се разработат добро осмислени стратегии, мастерплан за туризам и патоказ, вклучително и остварливи концепти за финансирање, како и јавна поддршка.

**Австрија е земја со голема историја, исто како и Северна Македонија. Дали сметате дека историјата ги спојува или ги разидува народите?**

За моите гости и за себе, можам само да потврдам дека секогаш сме фасцинирани од македонската историја и култура – и двете го опишуваат она што ја сочинува Европа: Запад и Исток, Север и Југ, мултирелигиски и мултикултурен живот и, особено овде, извонредна гостопримливост. Но, иако е историјата важен дел од нашите животи, Европа, а особено овој регион, треба да стави повеќе фокус и енергија на својата иднина како просперитетен член на европското семејство. Австрија е тука да ја поддржи вашата земја на овој пат.

**Виенскиот класицизам во минатото бил инспирација за многу уметници и извонредни композитори, а дел од оваа култура секоја година се одбележува во Скопје, на Виенскиот бал. Во колку светски земји се одбележува?**

Виенскиот бал се одржува во Скопје повеќе од 23 години. Тоа е шармантен социјален и културен настан каде што се слават валцерот, културата во балски соби и радоста на животот – како и во речиси 40 други градови низ целиот свет. Горд сум што Скопје е дел од овој клуб и благодарен сум на мојот пријател, директорот на операта Оливер Арсовски, кој го организира овој настан од самиот почеток.

**Годинава беше организирана Австриска**



**Памер: „Што е можно поскоро треба да се разработат добро осмислени стратегии, мастерплан за туризам."**
*Извор: Амбасада на Австрија*

**вечер на „Охридско лето“. Изложба посветена на жените од Австрија и Македонија и концерт на Квартетот „Арпеџо“ од Виена. Колку ги зближува уметноста нациите?**

Уметноста и културата се живи мостови меѓу луѓето, времињата и разликите. Тие даваат постојана инспирација, радост и нè тераат подобро да се разбереме. Австриската надворешна културна политика, како мека алатка на дипломатијата, е една од најблагородната области за работа бидејќи можете да ги збогатите другите и себе си и интелектуално, но и со среќата на големите искуства. Првата австриска вечер во Охрид за мене беше големо и пријатно изненадување. Темата на нашата изложба беше добро прифатена, а „Св. Софија“ беше повеќе од распродадена. Присуствуваше дури и претседателката на Северна Македонија, Гордана Силјановска-Давкова.

**Во оваа година додека сте амбасадор во нашата земја, колку успеавте да ги видите убавините во нашата земја?**

Ги прошетав сите мои многубројни гости од Австрија, Италија и други земји низ магичната и мистична Северна Македонија со цел да им ги пренесам вестите за вашата прекрасна земја и за нејзините атракции. Накратко: Сум видел речиси сè! Охрид и Трпејца, Св. Наум, Радовиште, Св. Јован Бигорски, Крива Паланка, Куманово, Штип, Струмица, Велес, Кавадарци, Неготино и Прилеп, Крушево, Скопска Црна Гора, Тетово, Љуботен и Шар Планина, многу гостилници, ресторани, винарии и, секако, сончевото и зачудувачко Скопје!

**Во време кога светот се повеќе се разидува, колку ги зближуваат Олимписките игри и воопшто спортот луѓето, колку забораваат на сите различностите и недоразбирањате или со натпреварот се зголемува уште повеќе конкуренцијата меѓу народите?**

Спортот и Олимписките игри живеат од заедништво и пријателска конкуренција, како што напомена нашиот Сојузен претседател во својот неодамнешен говор – „Едно без друго е невозможно“!





**Памер: „Секогаш сме фасцинирани од македонската историја и култура – и двете го опишуваат она што ја сочинува Европа: Запад и Исток, Север и Југ, мултирелигиски и мултикултурен живот.“**
*Извор: Амбасада на Австрија*



# ВО РЕГИОНОТ ИМА, НО ЗОШТО ОСТАНА МАКЕДОНИЈА БЕЗ НАЦИОНАЛЕН АВИОПРЕВОЗНИК?

**Дали треба една држава да има национален авиопревозник или не, е постојана дилема за која секогаш има поделени мислења. Додека едни експерти од областа на воздухопловството сметаат дека на земјава ѝ треба национален авиопревозник и дека државата за тоа има капацитет, други сметат дека таа идеја не е исплатлива. Вања Битољану, поранешен извршен директор на „Палер Македонија“ и експерт во оваа област дава неколку причини зошто треба Македонија да има национален авиопревозник. Националниот авиопревозник, според Битољану, има сосема друга улога, а тоа е да поврзува бизнис и политички патувања, односно патувања на делегации.**






Авион на МАТ, „Боинг 737-300“ својот прв лет го имал на 3 февруари 1988.

*„Ако вели државата дека не се исплати национален авиопревозник, а субвенционира нискобуџетни компании, нека субвенционира и национална авиокомпанија. Националната компанија нема да биде само субвенција, тоа ќе биде вработување луѓе, висококфалификувани и платени луѓе, ќе биде придонес кон БДП и апсолутен придонес кон сите други работи. Така што, апсолутно сум за тоа да имаме национален авиопревозник. На тој начин и државата повеќе ќе се промовира, ќе може повеќе да организира и летови кон Охрид и летови кон Скопје. Нискобуџетните компании сега не се за туризам, или се многу малку за туризам. Нискобуџетните компании се добри за народот да прошета, да не биде затворен и толку“*, вели тој.

Од друга страна, пак, останати познавачи на состојбите во авиобизнисот велат дека идејата за национален авиопревозник е надмината затоа што пазарот е мал, а авиобизнисот е скап, а формула слична на таа за национален авиопревозник е партнерско поврзување со некоја од големите компании што летаат во земјава.

Но, факт е дека во земјите во регионот има авиокомпании кои летаат под национално знаме, кои секако во одреден период во нивното функционирање се соочуваат со падови, но и подеми. Во оваа компарација ќе наведеме кои земји од регионот имаат национални авиокомпании и кои земји ја оживуваат идејата за нивно воведување.

## ВО КОИ ОД ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ ИМА НАЦИОНАЛЕН АВИОПРЕВОЗНИК?

## ЕР СРБИЈА

„Ер Србија“ е национална авиокомпанија на Србија со седиште во Белград. Центар на компанијата е аеродромот „Никола Тесла“ во Белград. Сопственик на авиокомпанијата е Владата на Република Србија со 100% удел во компанијата. Првично, националната авиокомпанија на Обединетите Арапски Емирати, „Етихад ервејс“, имаше 49% удел во „Ер Србија“, но Република Србија ги купи 31% од акциите на крајот од 2021 година. Во ноември лани, српскиот министер за финансии Синиша Мали објави дека Србија официјално стана апсолутен сопственик на авиокомпанијата.

На прес-конференцијата одржана на 1 август 2013 година, беше објавено дека флотата на „Ер Србија“ ќе се состои од 10 нови авиони Ербас А319 и дека внатрешноста на авионот ќе биде направена по примерот на авионите на „Етихад ервејс“. На истата конференција беше соопштено дека се водат преговори со „Боинг“ и „Ербас“ за набавка на нови авиони. Не долго потоа, беа нарачани 10 нови авиони „Ербас А320нео“, но нарачката од 2019 година беше откажана. Како поддршка на туристичката сезона во 2016 година, флотата беше проширена со изнајмен авион „Бомбардиер ЦРЈ900“. Истата 2016 година, беше купен „Ербас А330-200“, кој се користи за летови до Њујорк од 23 јуни.





## ЗА ПРВИТЕ ЧЕТИРИ МЕСЕЦИ ОД 2024 ГОДИНА „ЕР СРБИЈА“ ПРЕВЕЗЕ ЕДЕН МИЛИОН ПАТНИЦИ

**Националната авиокомпанија „Ер Србија“ на почетокот на месец мај објави дека превезла еден милион патници годинава. Овој резултат, како што се наведува, „Ер Србија“ го забележа две недели порано од 2023 година, кога на 8 мај беа забележани еден милион патници.**

**Компанијата потсетува дека „Ер Србија“ ќе лета до повеќе од 90 дестинации низ Европа, Азија, Африка и Северна Америка во редовен и чартер сообраќај во текот на летната сезона. Во 2023 година, „Ер Србија“ превезе вкупно 4,19 милиони патници во редовен и чартер сообраќај. Националната авиокомпанија „Ер Србија“ објави дека продолжува да ја шири својата мрежа на дестинации, а од 19 септември повторно ќе воспостави директна авиолинија меѓу Белград и Ница.**

**Авион на „Ер Србија.“**
*Извор: Betaphoto*



## КРОАЦИЈА ЕРЛАЈНС

„Кроација ерлајнс“ е национален авиопревозник и важен бренд на Хрватска. Оперира на домашни и меѓународни одредишта. Главната база е аеродромот во Загреб, а за помали бази ги има аеродромите во Сплит и во Дубровник. Во 2007 година, авиокомпанијата оствари профит од 25 милиони куни, рекорд во нејзиното постоење. „Кроација ерлајнс“ засега останува европска авиокомпанија и не планира интерконтинентални летови. Реализира летови во над 20 држави и над 30 града.

Авиокомпанијата започна со работа на 20 јули 1989 година. По првите слободни избори во независна Хрватска, компанијата го промени името во „Кроација ерлајнс“. Годината 1992 беше тешка за компанијата и таа престана да лета. Веднаш по завршетокот на кризата, „Кроација ерлајнс“ откупи три „Боинг 737“ авиони од Луфтханза и стана член на Меѓународната асоцијација за цивилен сообраќај (ИАТА). Канцеларии беа отворени во неколку градови низ Европа во 1993-та, а до наредната година „Кроација ерлајнс“ го дочека и првиот милионити патник. Таа година го организираше и превозот на папата Јован Павле II.

Во 1995 година, беше направен и рекорд во бројот на патници – 2 милиона на годишно ниво. Во 1996 година, стана првата авиокомпанија која воспостави летови кон Сараево. Во 2004 година, „Кроација ерлајнс“ влезе во „Стар алајанс“ како регионален член, спонзорирана од страна на Луфтханза.

Во октомври 2022 година, „Кроација ерлајнс“ ги објави плановите да ја намали својата флота и да ги замени сите сегашни авиони со шест нови „Ербас А220-300“ до 2026 година. Во јануари 2023 година беше договорен закуп за првите шест авиони од четири авиони „А220-300“ и два авиони „А220-100“.





**Идејата за изнаоѓање стратешки партнер за хрватскиот национален авиопревозник веќе извесно време е во застој, но властите сметаат дека „порано или подоцна, ова прашање ќе мора повторно да се отвори“. Хрватската влада неколку пати се обиде да ја приватизира „Кроација ерлајнс“, но безуспешно, по што најави дека ќе го продолжи процесот на приватизација на авиокомпанијата кога „повторно ќе закрепне“. Хрватската авиокомпанија забележа загуба од 9,5 милиони евра во првиот дел од годината, по добивката од два милиони евра во 2023 година, што е остварена со продажба на имот во форма на пет авиони.**

**Авион на „Кроација Ерлајнс“.**
*Извор: aero.telegraf.rs*






**Авион на „Ер Монтенегро“.**
*Извор: aero.telegraf.rs*

## ЕР МОНТЕНЕГРО

„Ту Монтенегро “ е авиопревозник на Црна Гора, кој е брендиран и работи под името „Ер Монтенегро“, нова компанија отворена на почетокот на 2021 година од Владата на Црна Гора. „Ер Монтенегро“ официјално беше лансирана со операции во јуни 2021 година.

Претходната авиокомпанија „Монтенегро ерлајнс“ беше основана на 24 октомври 1994 година, од владата на Сојузна Република Југославија. Првиот авион, беше купен речиси две години подоцна во 1996 година. Првиот комерцијален лет се одржа на 7 мај 1997 година, помеѓу Подгорица и Бари, Италија. Во април 2000 година, таа стана членка на Меѓународната асоцијација за воздушен транспорт (ИАТА). Во јуни 2000 година, првиот од петте авиони „Фокер 100“ беше испорачан на аеродромот во Подгорица.

Во август 2016 година, беше објавено дека сметките на „Монтенегро ерлајнс“ биле замрзнати откако авиокомпанијата не ја исполнила судската одлука во врска со плаќањето на долговите кон операторот на аеродромите во земјата.

Во декември 2020 година, Владата на Црна Гора објави затворање и ликвидација на компанијата „Монтенегро ерлајнс“, наведувајќи го лошото управување и акумулирање загуби за неколку години. Набргу потоа, беше објавено дека авиокомпанијата ќе ги прекине сите летови од 26 декември 2020 година, што ќе го означи крајот на своите операции.

Новата компанија беше официјално претставена на 2 март 2021 година од Владата. Во април 2021 година, беше објавено дека црногорската влада го направила „Ер Монтенегро“ официјално име за проектот „Ту Монтенегро“ и дека авиокомпанијата ќе започне да користи два авиони „Ембраер 195“, префрлени од поранешната „Монтенегро ерлајнс“.

Од основањето до сега, националната авиокомпанија на Црна Гора успева да се наметне на авиопазарот. Во март оваа година, авиокомпанијата го дочека милионитиот патник, а во јуни одбележа три години од првиот комерцијален лет, кој беше реализиран на релација Подгорица – Белград, на 10.06.2021 година.

Првиот комерцијален лет беше реализиран само три и пол месеци по основањето на компанијата и со тоа го означи почетокот на работата на националниот авиопревозник „Ер Монтенегро“. Во текот на првата година од работењето најголемиот дел од сообраќајот се одвиваше само со еден авион во возниот парк, тип „Ембраер 195“.

Во следната 2022 година, сообраќајот се одвиваше со два авиони „Е195“ во текот на целата година, со дополнителен закуп на авион „А320“ со поголем капацитет во период од шест месеци во текот на летната сезона, додека сообраќајот беше насочен кон 11 дестинации.

Две години по првиот комерцијален лет, „Ер Монтенегро“ поседуваше два авиони „Ембраер 195“ со регистарски ознаки АОА и

АОБ и изнајмени„ Ембраер 190“ и „Ербас 320“. Во минатата година сообраќајот се одвиваше на 15 дестинации.

Годинава е задржан истиот број авиони во флотата, со проширување и намалување на мрежата на дестинации. Летово националната компанија лета на 16 дестинации, вклучувајќи три сосема нови дестинации.

Од компанијата нагласија дека третата година од работењето беше одбележана со позитивен финансиски резултат во износ од речиси 3,5 милиони евра во 2023 година, како и членство во најпрестижното воздухопловно здружение ИАТА.

## ПЕТ ГОДИНИ ПО БАНКРОТОТ НА „АДРИА ЕРВЕЈС“, СЛОВЕНИЈА НЕ СЕ ОТКАЖУВА: СЕ БАРА НОВ НАЦИОНАЛЕН АВИОПРЕВОЗНИК

Пред пет години, словенечката национална авиокомпанија „Адрија ервејс“ отиде во стечај, со што ги прекина услугите по 58 години од своето формирање. Стечајот беше прогласен поради финансиски проблеми, а компанијата ги откажа сите летови. Менаџментот ја покрена постапката за банкрот поради несолвентноста на компанијата, а последниот лет на компанијата било враќањето на словенечката одбојкарска репрезентација од Париз.

„Адрија“ е последната во долгата низа мали европски авиокомпании кои влегоа во финансиски проблеми поради преголемата конкуренција во индустријата и високите цени на горивото.

Но, во изминатиот период се погласни се барањата од страна на тамошните бизнисмени за формирање нова национална авиокомпанија.

И словенечката влада сè уште размислува за основање нова национална авиокомпанија, речиси пет години откако „Адриа ервејс“ прогласи банкрот.

Новата компанија би требало да се лансира преку јавно-приватно партнерство, а според направените анализи, би можела да достигне „позитивна нула“ во седмата година од своето постоење.

Признавајќи дека процесот на формирање нова авиокомпанија може да потрае неколку години, владата претходно соопшти дека тоа ќе го направи само преку јавно-приватно партнерство.

Во нарачаните студии од Владата е заклучено дека основањето нова национална авиокомпанија може да биде економски оправдано.

Словенечката влада истакна дека, и покрај плановите за нова национална авиокомпанија, ќе продолжи со својата политика на субвенционирање странски авиокомпании во обид да ја подобри поврзаноста на земјата на краток рок.

**Авион на „Адриа ервејс“ на аеродромот во Франкфурт.**
*Извор: Википедија*



# ЕР АЛБАНИЈА

Во 2018 година Албанија ја доби својата прва национална авиокомпанија „Ер Албанија“, која е основана во партнерство со авиокомпанија „Туркиш ерлајнс“, а почна со опслужување единаесет дестинации во Европа.

„Ер Албанија“ е основана на 16 мај 2018 година од конзорциум предводен од албанската и турската влада како јавно-приватно партнерство. „Туркиш ерлајнс“, основачки партнер, поседува 49,12% од „Ер Албанија“. Останатите 50,88% се јавно тргувани, моментално поделени помеѓу „Албконтрол“, корпорација во сопственост на албанската влада, со приближно 10%, и „МДН Инвестмент“, приватна компанија во Албанија, со приближно 41% од акциите.

Контроверзноста зад основањето на авиокомпанијата избувна кога беше откриено дека основачкиот партнер „МДН Инвестмент“ бил основан девет дена претходно. Агенцијата за воздухопловна безбедност на Европската Унија ѝ додели на „Ер Албанија“ сертификат за оператор на трета земја на 8 мај 2020 година, што ѝ дозволува на „Ер Албанија“ да врши летови меѓу Албанија и Европската Унија. Во септември 2021 година, авиокомпанијата за прв пат додаде трет авион во својата флота.

На 9 септември 2022 година, албанските власти ја суспендираа деловната лиценца на авиокомпанијата бидејќи авиокомпанијата не ја обезбеди потребната документација. Сепак, на компанијата ѝ беше дозволено да ги продолжи сите операции на летот. На 14 септември 2022 година албанските власти повторно ја активираа лиценцата за деловно работење бидејќи авиокомпанијата ја обезбеди целата потребна документација и продолжува со своите операции.

Лани се појави информација дека наводно е запленет имотот на „Ер Албанија“ поради неплатени долгови, но авиокомпанијата ги негираше тврдењата на медиумите.

Дека авиобизнисот е скап и има огромна конкуренција покажува и фактот дека оваа компанија од почетокот на 2024 година, откажа голем дел од своите летови поради проблемите со кои се соочува.

Со просечни осум летови дневно, компанијата сега оперира само на дестинациите од Тирана до Истанбул и до Милано. „Ер Албанија“ заедно со приватната компанија за ниски цени „Албавингс“ е нова жртва на актуелната исклучително конкурентна ситуација во Тирана. Освен со Истанбул, оваа компанија „се тепаше“ со уште пет други авиокомпании кои секојдневно имаа летови до споменатите дестинации.

На своите линии, „Ер Албанија“, која има само три авиони во својата флота (два „Ербас А320“ и еден „А319“), има сериозна конкуренција – во просек по пет дневни летови од други компании до секоја дестинација освен Истанбул.




**Авион на „Ер Албанија“.**
*Извор: aero.telegraf.rs*



UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A. Milenkovski, S. Kozuharov, and N. Ristovska
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
F. Kokotovic
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
D. Lazarov, and M. Kocovski
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
D. Karacic, I. Mikulic, and H. Serdarusic
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
S. Barasic, S. Bogdan, and Z. Ivancic
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
J. Hoxo
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
G. Corluka, K. Mikinac, and A. Milenkovska
HEALTH TOURISM AND "SMART SPECIALISATION"
O. Bazavic
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
D. Nakovski, A. Milenkovski, and M. Gjorgjievski
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
M. Oleniewicz
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
B. Petrevska, V. Cingoski, and M. Serafimova
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -



“

UN Tourism

# ЗАПИШИ СЕ

## НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

„ДОЈДЕТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ
ЗАЕДНО ДА ИСТРАЖУВАМЕ И
ДА ПАТУВАМЕ НИЗ
ПРОСТОРОТ КАДЕ ШТО
СЕКОЈ АГОЛ ОД МАКЕДОНИЈА И
СВЕТОТ ЌЕ СТАНЕ ВАША УЧИЛНИЦА.

— м-р Горан Апостоловски —

# Superbrands

UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC